**<u>АНЕКС I</u>**

**кон Одлуката за спроведување на Комисијата за одобрување на Реформските агенди и повеќегодишната програма за работа според Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан**

**Утврдени барања во ставовите 2 и 3 од член 15 од Регулативата (ЕУ) 2024/1449 во однос на Реформската агенда поднесена од Албанија, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија**

Во табелите во Додаток 1 се претставени реформите што треба да се спроведат, вклучително областите за инвестирање што треба да се поддржат, условите за плаќање што произлегуваат од Реформската агенда и индикативниот распоред за Албанија, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

Табелите во Додаток 2 ги содржат износот на средства кои индикативно им се доделени на Албанија, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, планираните рати[1] и поделбата по рати помеѓу поддршката за заемот и неповратната поддршка.

Во Додаток 3 се претставени индикаторите за следење на Комисијата за оценување на напредокот кон постигнувањето на општите и специфичните цели на Инструментот.

Распоредот на планираното спроведување на мерките е утврден во периоди од шест месеци, почнувајќи од 31 декември 2024 година и завршувајќи на 31 декември 2027 година. Во согласност со Регулативата (ЕУ) 2024/1449, конечниот датум на спроведување од 31 декември 2027 година за исполнување на условите за плаќање поврзани со конечниот сет мерки го вклучува времето кое ѝ е потребно на Комисијата да го оцени успешното исполнување на засегнатите услови за плаќање и последователно да ја донесе одлуката за ослободување на средствата. Според тоа, и како што е пропишано со член 13(1), точка (i) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, корисниците мора да ги спроведат договорените квалитативни и квантитативни чекори најдоцна до 31 август 2027 година и да поднесат соодветно оправдано барање за ослободување на средствата во однос на исполнетите услови за плаќање поврзани со овие квантитативни и квалитативни чекори без одложување, а најдоцна до 30 септември 2027 година.

Согласно член 21(5) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, во случај кога Комисијата негативно го оценила исполнувањето на условите за плаќање, засегнатите корисници може да ги преземат неопходните мерки за да осигурат задоволително исполнување на соодветните услови во период од 12 месеци од првичната негативна оцена наведена во член 21(4) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449.

* Оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на МСП за прогласувањето независност на Косово.

[1] Авансно плаќање од 7 % од вкупната распределба за секој корисник од Западен Балкан ќе се исплати по потпишување на Инструментот и Договорот за заем и на барање од земјите. Овој износ на претфинансирање ќе се расчисти систематски со одземање пропорционален удел од секоја последователна рата. Одбитокот за секоја рата се пресметува како процент што одговара на соодносот на неподмирениот износ на претфинансирање со преостанатите неподмирени износи. Оваа методологија осигурува целосно расчистување на износот за претфинансирање во текот на распоредот за вршење исплати.

Во текот на првата година од спроведувањето се применува рок од 24 месеци, пресметан од првичната негативна оцена. Во секој случај и, како што е утврдено во член 21(6) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, секој износ што одговара на услови за плаќање коишто не се исполнети до 31 декември 2028 година нема да им се должи на корисниците.

Аранжманите и распоредот за следење, известување и спроведување на Реформската агенда се претставени подолу. Подеталните одредби се содржани во Договорите за Инструментот што Комисијата ќе ги потпише со корисниците од Западен Балкан, по донесување на оваа одлука за спроведување на Комисијата.

Комисијата ќе го следи спроведувањето на Инструментот и ќе го оценува постигнувањето на утврдените цели во член 3 од Регулативата (ЕУ) 2024/1449. Комисијата ќе им достави годишен извештај на Европскиот парламент и на Советот за напредокот кон постигнувањето на целите на оваа регулатива. Годишниот извештај ќе се однесува и на синергиите и на комплементарноста на Инструментот со другите програми на Унијата, особено поддршката која е обезбедена согласно Регулативата (ЕУ) 2021/1529, со цел да се избегне дуплирање на помошта и двојно финансирање. Годишниот извештај ќе се дополнува со претставување за состојбата на спроведувањето на Инструментот двапати годишно. Комисијата ќе му го достави годишниот извештај на Комитетот наведен во член 31 од Регулативата (ЕУ) 2024/1449 и, најмалку двапати годишно, ќе води дијалог со надлежните комисии на Европскиот парламент, како што е релевантно.

Комисијата ќе воспостави табла со показатели на Инструментот („Табла со показатели“), која го прикажува напредокот во спроведувањето на Реформските агенди на корисниците. Таблата со показатели ќе стане оперативна од 1 јануари 2025 година и ќе биде јавно достапна на интернет. Комисијата ќе ја ажурира Таблата со показатели двапати годишно.

Комисијата одблиску ќе го следи спроведувањето на Инструментот и ќе ги преземе сите неопходни дејствија во тој поглед. За целта на ваквото следење, на Комисијата ќе ѝ помага комитет за следење. Комитетот за следење ќе го оценува степенот и квалитетот на спроведувањето на сите реформи и инвестиции во насока на исполнување на целите утврдени во Реформската агенда и во Регулативата (ЕУ) 2024/1449. Корисникот ќе воспостави редовни и системски аранжмани за следење и известување за да информира за напредокот кон постигнување на планираните резултати, вклучително и расчленување на податоците (т.е. по пол, возраст, рурално/урбано подрачје, итн.) - и степенот до кој релевантните реформи и инвестиции го земаат предвид начелото „не оставај никој зад себе“ и придонесуваат за родова еднаквост и зајакнување на положбата на жените.

Комитетот за следење ќе биде составен од претставници на Комисијата, координаторот и други релевантни органи и тела на корисникот и, доколку е релевантно, билатерални донатори, меѓународни организации, меѓународни финансиски институции и други засегнати страни, како што се граѓанското општество и организациите од приватниот сектор.

Податоците од следењето кои ги собра и обработи корисникот ќе: влегуваат во полугодишен извештај за исполнувањето на условите за плаќање на Реформската агенда што ќе ги придружува сите барања за ослободување на средствата. Секој извештај ќе обезбеди точна евиденција за спроведувањето на основните реформи мерени со соодветните индикатори (и сродните почетни вредности и квалитативните и квантитативните чекори); влегуваат во годишниот извештај за севкупниот напредок во спроведувањето на Реформската агенда во

однос на севкупните и специфичните цели на Инструментот, во согласност и со индикаторите од Реформската агенда, користејќи го образецот што го обезбедува Комисијата. Годишниот извештај ќе го опфати целиот период на спроведување на Реформската агенда. Годишниот извештај се доставува заедно со Економската и реформската програма на корисникот, доколку е можно, и во секој случај најдоцна до 1 март секоја година и ќе послужи и за исполнување на барањата за известување пропишани во член 28 од Регулативата (ЕУ) 2024/1449.

**ДОДАТОК 1**

**Крајниот рок од 27 декември треба да се чита како 27 август, во согласност со член 13(1), точка (i) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, како што е објаснето погоре.**

Во нејзината оцена за задоволително исполнување на квалитативните и квантитативните чекори (услови за плаќање) кои се детално опишани подолу, Комисијата ќе ги земе предвид сите релевантни елементи, особено почетните вредности и изворите на верификација.

**Албанија**

| **Албанија - Фундаментални права и владеење на правото** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Борба против корупцијата и организираниот криминал | Воспоставување Канцеларија за поврат на имот, како Национална координативна единица и регионална/меѓународна точка за контакт, придонесувајќи за подобрување на заплените и конфискацијата | Воспоставена и оперативна е Канцеларија за поврат на имот | јуни 2025 година |
| | | Поднесување барање за приклучување кон Европската мрежа на канцеларии за поврат на имот или во регионални/меѓународни платформи за поврат | декември 2025 година |
| | | Повторно се искористени најмалку 50 % од обемот и вредноста на конфискуваниот имот (вклучително повторна социјална употреба) во рок од 6 месеци од конфискацијата | декември 2026 година |
| | Зајакнување на репресијата на корупцијата и организираниот криминал, вклучително и во случаи на корупција на високо ниво | Направена процена на заканите од организиран и сериозен криминал и преглед на Националната стратегија и нејзиниот Акциски план за организиран и сериозен криминал, соодветно | јуни 2026 година |
| | | Проширување на пристапот и интероперабилноста на базите на податоци и употребата на ИТ-алатки/истражни методи во борбата против истрагата на организираниот криминал | декември 2026 година |
| | | Континуиран напредок во однос на квалитетот на постапките во целосна согласност со процесните права и подобрување на евиденцијата на ефективни и ефикасни истраги, гонења, правосилни пресуди, заплени и правосилни конфискувања за корупција, вклучително случаи на корупција на високо ниво (до јуни 2026 година), повторено (до јуни 2027 година) | јуни 2026 година |
| | | Континуиран напредок во однос на квалитетот на постапките во целосна согласност со процесните права и подобрување на евиденцијата на ефективни и ефикасни истраги, гонења, правосилни пресуди, заплени и правосилни конфискувања за корупција, вклучително случаи на корупција на високо ниво (до јуни 2026 година), повторено (до јуни 2027 година) | јуни 2027 година |
| | | Континуиран напредок со резултати во полето на истраги, гонења, пресуди, заплени и конфискации на имот во случаи поврзани со организиран криминал | јуни 2027 година |
| Соработка во областа на дрогата | Зајакнување на институционалниот капацитет и стратешката рамка со цел намалување на понудата и побарувачката на недозволени дроги | Оперативен е Национален систем за рано предупредување | декември 2025 година |
| | | Оперативна е Национална опсерваторија за дроги | декември 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Оценување на спроведувањето на ревидираниот Акциски план за превенција, третман и намалување на штетите поврзани со дрога 2023-2026 година | јуни 2027 година |
| Перење пари | Осигурување сигурна и стабилна рамка за спречување и борба против перењето пари | Донесување нова Национална стратегија за спречување перење пари и борба против финансирање тероризам и нејзин Акциски план 2024-2030 година | декември 2024 година |
| | | Ефикасно и навремено спроведување на Акцискиот план на Националната проценка на ризикот од перење пари и финансирање тероризам (НРА) 2024-2027 година | јуни 2027 година |
| Правосудство | Консолидирање на судската независност и отчетност преку транспарентност | Проверката на предметите за кои постои сомневање за елементи на кривични дела завршени во првостепениот суд (IQC) (со одлука за прекин) се упатува до јавното обвинителство | декември 2024 година |
| | | Ефективното судско следење на проверката на предметите кои резултираат со сомневање за елементи за кривично дело продолжува да се упатува до јавното обвинителство | јуни 2025 година |
| | | Изменување на одредбите кои го регулираат предизборот на членовите на Високиот судски совет (HJC) и Високиот совет на јавни обвинители (HPC) кои не се магистрати, во согласност со Уставот на Република Албанија, за да се усогласат со високите стандарди за интегритет, позадинската проверка и анкетниот лист што се применуваат за магистратите и да се осигури целосна примена на начелото кое се темели на заслуги врз основа на независно рангирање. | декември 2027 година |
| | | Високиот судски совет (HJC) и Високиот совет на јавни обвинители (HPC) осигуруваат висока транспарентност, јавно ги споделуваат сите информации поврзани со именувањата (периодични кариерни евалуации), унапредувањата и преместувањата, како и степенот на спроведување на препораките од тематските инспекции на Високиот инспектор за правда (HJI) | јуни 2025 година |
| | Подобрување на судската ефикасност на сите нивоа | Скратување на целокупното време на заостанување и време на располагање за најмалку 30 % во граѓански и трговски предмети од Првостепениот суд од општа надлежност во Тирана, за најмалку 25 % од Апелациониот суд и за најмалку 35 % од Управниот апелационен суд | декември 2026 година |
| | | Високиот судски совет (HJC) ефикасно донесува и спроведува сеопфатен патоказ за зголемување на ефикасноста и намалување на заостанувањата врз основа на најновата методологија донесена со алатката за намалување заостанувања CEPEJ, со мерливи цели, статистика и робусна структура за следење | јуни 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Изнаоѓање решение за сместување на објектите на Апелациониот суд според судската мапа од 2022 година | декември 2025 година |
| | | Подготвен за употреба е ICMS (Интегриран систем за управување со предмети), кој осигурува интероперабилност помеѓу судовите и јавното обвинителство и портата на Владата, со целосно почитување на законските заштитни мерки поврзани со државните бази на податоци и независноста на правосудството и јавното обвинителство, како и автоматско генерирање статистика која се темели на методологијата CEPEJ и националните регулативи | декември 2027 година |
| | | Подобрување на националната правосудна статистика со донесување и спроведување ново упатство на министерот за правда за националната правосудна статистика, врз основа на методологијата CEPEJ и во консултација со самоуправните правосудни институции | јуни 2025 година |
| | | Зголемување на капацитетот на Високиот инспекторат за правда (HJI) преку осигурување постепено пополнување на редот на инспектори во HJI, со целни мерки, за да се осигури привлечност на позицијата. Високиот инспекторат за правда (HJI) го донесува и спроведува годишниот план за тематски инспекции за прашања од највисок интерес по консултациите со советите и Школата за магистрати | декември 2026 година |
| | | Пополнети се најмалку 70 % од работните места за магистрати и лица кои не се магистрати во првостепените судови од општа надлежност и најмалку 80 % во апелациониот суд од општа надлежност и административниот апелационен суд и 90 % од вработените кои не се магистрати на сите судски нивоа | декември 2027 година |
| Борба против корупцијата | Ефикасно спречување на корупцијата, намалување на инциденцата на корупција | Подобрување на транспарентноста, преку воспоставување платформа за отворени податоци за националниот и локалниот буџет и јавната потрошувачка во партнерство со граѓанското општество и објавување на сите анкетни листови на веб-страницата на Високиот инспекторат за пријавување и ревизија на имотната состојба и судирот на интереси (HIDAACI), во согласност со законот за правото на информирање и заштита на личните податоци | декември 2024 година |
| | | Донесување измени во правната рамка за Врховната ревизорска институција (SAI) за да се зголеми ефикасноста и да се спречи појавата на корупција | декември 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Изменета е правната рамка за донации и спонзорства, и за конфликт на интереси и финансирање политички партии, во согласност со европските стандарди и ВК/ГРЕКО и ОБСЕ/ОДИХР | јуни 2027 година |
| Демократија, фундаментални права и граѓанско општество | Зајакнување на слободата на изразување, во согласност со европските стандарди | Зголемени капацитети на телата за спроведување на законот за справување со случаи на насилство, вклучително и на маргините на протести и други кривични предмети во кои се вклучени новинари, особено преку осигурување високо почитување на човековите права при справување со инциденти во кои се вмешани новинари, преку обврзувачки упатства, собирање податоци и мерки за зајакнување на капацитетите | јуни 2025 година |
| | | Вршење процена на влијанието на политиката и анализа на правните недостатоци во однос на Регулативата за Законот за дигитални услуги со цел да се усогласи со националното законодавство, да се зајакне заштитата на правата на корисниците и безбедната содржина | јуни 2025 година |
| | | Донесување законски измени за усогласување на Регулативата за Законот за дигитални услуги во голема мера | јуни 2026 година |
| | | Кривичните и граѓанските аспекти на клеветата се усогласени со европските стандарди | декември 2026 година |
| | | Донесување измени на законската рамка за транспарентност на сопственичката структура на медиумите | декември 2024 година |
| | | Допирање до јавноста, зајакнување на транспарентноста во однос на финансирањето на медиумите, медиумскиот плурализам и уредувачката независност и автономија на медиумскиот регулатор и врз основа на структуриран и инклузивен дијалог со медиумските чинители | декември 2026 година |
| | | Донесување измени на правната рамка за анти-SLAPP (стратешки тужби против јавно учество) со поддршка на ЕК, во согласност со стандардите на СЕ/ВК и во согласност со правото на ЕУ и врз основа на структуриран и инклузивен дијалог со медиумските чинители и граѓанското општество | јуни 2027 година |
| Визна политика | Усогласување на визните барања со европските стандарди | Раскинување на договорите за безвизен режим со најмалку две земји во 2025 година и најмалку една во 2026 и 2027 година, за кои се потребни визи за ЕУ (мерено на крајот од секоја година, т.е. декември 2025, декември 2026 и декември 2027 година) | декември 2025 година |
| | | Раскинување на договорите за безвизен режим со најмалку две земји во 2025 година и најмалку една во 2026 и 2027 година, за кои се потребни визи за ЕУ (мерено на крајот од секоја година, т.е. декември 2025, декември 2026 и декември 2027 година) | декември 2026 година |
| | | Раскинување на договорите за безвизен режим со најмалку две земји во 2025 година и најмалку една во 2026 и 2027 година, за кои се потребни визи за ЕУ (мерено на крајот од секоја година, т.е. декември 2025, декември 2026 и декември 2027 година) | декември 2027 година |

| Албанија - Зелена енергија | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Пазарни реформи | Усогласување со пакетот за интеграција на електрична енергија за да се овозможи спојување на пазарот на електрична енергија на ЕУ и Албанија, воспоставување на пазарот на електрична енергија за тековниот ден, операционализирање на пакетот во согласност со планот за интеграција на операторите за спојување на пазарот до крајот на 2025 година | Натамошно спроведување на пакетот за интеграција на електрична енергија преку операционализација на пазарот на електрична енергија за тековниот ден, во согласност со барањата на Енергетската заедница | декември 2024 година |
| | | Донесување законски измени за усогласување со пакетот за интеграција на електрична енергија во согласност со барањата на Енергетската заедница и започнување со спроведување | јуни 2025 година |
| | | Натамошно спроведувањето на пакетот за интеграција на електрична енергија од Операторот на преносниот систем - ОПС (TSO) и номинираните оператори на пазарот на електрична енергија - НЕМО (NEMO) со преземање на неопходните национални дејства за приклучување на спојувањето на пазарот ден однапред со европскиот пазар, во согласност со барањата на Енергетската заедница | декември 2025 година |
| | Постепено приспособување на цената на електричната енергија на пазарно ниво придружено со мерки за справување со енергетската сиромаштија. | Постепено намалување на јавната интервенција во одредувањето на цените за снабдување со електрична енергија, преку дерегулација за среден и висок напон, во согласност со Законот за електроенергетскиот сектор | декември 2025 година |
| | | [донесување] Акциски план [декември 2024 година] [Постепено намалување на јавната интервенција во одредувањето на цените за снабдување со електрична енергија, преку дерегулација за среден и висок напон, во согласност со Законот за електроенергетскиот сектор] | декември 2024 година |
| | | Развивање методологија за дефинирање енергетски сиромашни групи и алатки за следење, како и мерки за енергетска ефикасност насочени кон енергетски ранливите домаќинства, преку одобрување на акцискиот план за справување со енергетската сиромаштија | јуни 2026 година |
| Обновливи извори на енергија | Развивање транспарентен и конкурентен акциски план за обновлива енергија кој се темели на количество: Утврден е план за 3 години. | Донесување план за аукција кој се темели на количество за инсталирање нови капацитети за обновлива енергија од најмалку 600 MW во следните три години (во моментов за 300 MW што ќе се смета како дел од тригодишниот План за аукција) | декември 2024 година |
| | Спроведување на Директивата за обновливи извори на енергија: донесување законодавство за ОИЕ, рационализирање на дозволите, воспоставување заедници за обновлива енергија, операционализирање на гаранциите за потекло. | Донесување закон за усогласување со Директивата за обновлива енергија од 2018 година за биомаса/биогорива, вклучително и критериумите за одржливост и заштеда на емисиите на стакленички гасови за биогорива; | јуни 2025 година |
| | | Постигнат е удел на ОИЕ во бруто-енергетскиот микс, според важечкиот Национален план за енергија и клима (NECP) | јуни 2027 година |
| | | Донесување измени на важечките прописи за издавање дозволи за да се поедностават постапките за издавање дозволи за обновливи извори (домаќинства и големи инсталации) | јуни 2025 година |
| | | Инсталирани се најмалку 600 MW нови капацитети за обновлива енергија | јуни 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Оперативен е системот за издавање гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори | декември 2024 година |
| | | Донесување на правната рамка за основање енергетски заедници | јуни 2026 година |
| Донесување систем за тргување со емисии ETS | Работење на цените на јаглеродот со цел да се воспостави ETS до 2030 година: фокус на пакетот СИВА (MRVA) | Спроведување на СИВА (MRVA) преку донесување законски измени и подзаконски акти за целосно усогласување со правото на ЕУ за СИВА (MRVA) и преку градење институционална и пазарна подготвеност за спроведување следење, известување, верификација и акредитација СИВА (MRVA) | декември 2025 година |
| Енергетска ефикасност и загадување на воздухот | Донесување и спроведување долгорочна стратегија за реновирање згради и шема за енергетска ефикасност | Донесена е долгорочна стратегија за реновирање згради, со наменски неопходни финансии за 2025 и 2026 година за исполнување на целта од 3 % за реновирање на постојните јавни владини згради на годишно ниво | декември 2024 година |
| | | Донесување на националното законодавство за усогласување со регулативата за етикетирање | декември 2024 година |
| | | Донесување регулативи за екодизајн за локално затоплување на просторот на цврсто гориво и воспоставување ефикасна инфраструктура и капацитет за надзор на пазарот, соодветно | декември 2025 година |
| | | Донесување мерки во согласност со Директивата за енергетска ефикасност ДЕЕ [EED] и воспоставување системи за мерење, контрола и верификација во согласност со барањата на ДЕЕ | јуни 2027 година |
| | | Донесување шема на обврски за енергетска ефикасност во Законот за енергетска ефикасност | декември 2025 година |
| | | подзаконски акти [] [Донесување шема на обврски за енергетска ефикасност во Законот за енергетска ефикасност] | декември 2026 година |
| | | Законски измени на соодветниот закон/ ; [Спроведување годишна стапка на реновирање згради во согласност со индикативните цели [број на реновирани јавни згради] вклучени во долгорочната стратегија за реновирање згради] | јуни 2025 година |
| | | Целта е 2 % реновирани јавни згради | јуни 2027 година |

| **Албанија - Дигитализација** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дигитален сектор | Усогласување со Регулативата за дигитален идентитет и спроведување Дигитален е-паричник за јавни услуги | Приклучување кон списокот на доверливи трети земји на ЕУ за валидацијата на електронски потписи како напреден електронски потпис за да се постигне правен ефект на ракописниот потпис во ЕУ, прв чекор кон следење меѓусебно признавање квалификувани доверливи услуги | декември 2025 година |
| | | Донесување релевантно законодавство за усогласување со новата Регулатива за дигитален идентитет на ЕУ (eIDAS 2, (Регулатива (ЕУ) 2024/1183) | јуни 2026 година |
| | | Воведување Дигитален паричник за јавни е-услуги, во согласност со стандардите на ЕУ со пилотирање како дел од Паричникот за дигитален идентитет за јавни е-услуги, со најмалку 10 јавни е-услуги | декември 2026 година |
| | | Поставени се барањата за договор за меѓусебно признавање и подготвени се за потпишување со другите партнери од Западен Балкан | јуни 2027 година |
| | | Овозможување поврзување со дигиталните услуги на јавната администрација (вклучително најмалку 22 вистински е-услуги во е-Албанија во даночните, социјалните и образованите институции) (декември 2026 година) | декември 2026 година |
| | | Целосно учество во Паричникот за дигитален идентитет на ЕУ - ID Wallet | декември 2027 година |
| | | Целосно пуштање во употреба на електронски идентификатори (Потврда на кориснички идентитет со NFC/јуни 2026 година) | јуни 2026 година |
| | Ажурирање на рамката за киберотпорност, со воведување барања од Директивата NIS2 и зајакнување на релевантните институции | Ажурирање на списокот на критична инфраструктура во опсегот на националното законодавство во согласност со Директивата NIS2 | јуни 2025 година |
| | | Воспоставени и целосно оперативни се воведените рамки со усогласувањето со NIS2 (рамка за координирано откривање на ранливост (CVD), рамка за управување со кризи) | декември 2025 година |
| | | Целосно оперативни се националните и владините компјутерски тимови за одговор при итни случаи (CERT) во согласност со барањата на NIS2 | декември 2025 година |
| | | Постигнување најмалку статус „акредитиран" во мрежата TF CSIRT Trusted Introducer. | декември 2026 година |
| | | Оперативна е Дигиталната агенција [AKCESK] [дејствува како надлежен орган како што е дефинирано во Директивата NIS2]: доволно екипирана, опремена со надзорни овластувања, врши надзорни проверки. | декември 2026 година |
| | Ажурирање на рамката за безбедна и одржлива дигитална инфраструктура | Спроведување мерки на регулаторни и институционални капацитети за да се осигури воведување 5G инфраструктури, во согласност со алатката за кибербезбедност EU5G | јуни 2025 година |
| | | Донесување релевантно законодавство за широкопојасен интернет за усогласување со правото на ЕУ и Законот за гигабитна инфраструктура, по влегувањето во сила во ЕУ | јуни 2026 година |
| | Подобрување на средината за иновативни бизниси кои го искористуваат потенцијалот на зелената и дигиталната агенда, вклучително и овозможување релевантна финансиска поддршка; Ажурирање на рамката за безбедна и одржлива дигитална инфраструктура. | Донесување на Стратегијата за иновативно претприемништво | декември 2024 година |
| | | Донесување правен(ни) акт(и) за инструменти за поддршка на иновациите преку подобрување на тековната практика во согласност со практиките на ЕУ | декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Подготвување шема на грантови со фокус на инкубатори/акцелератори, насочени кон зелени и/или дигитални решенија | декември 2025 година |
| | | Подготвување и спроведување шема на грантови со фокус на малите и средни претпријатија и/или новоосnованите претпријатија, каде што 30 % од вкупните средства на МСП и/или новоосnованите претпријатија се насочени кон зелени и/или дигитални решенија | декември 2024 година |
| | | Подготвување [декември 2024 година] [и спроведување шема на грантови со фокус на малите и средни претпријатија и/или новоосnованите претпријатија, каде што 30 % од вкупните средства на МСП и/или новоосnованите претпријатија се насочени кон зелени и/или дигитални решенија [декември 2025 година]]. | декември 2024 година |
| | | Подготвување шема на грантови со фокус на инкубатори/акцелератори кои се насочени кон зелени и/или дигитални решенија (декември, 2026 година) | декември 2026 година |

| **Албанија - Човечки капитал** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Образование | Ревидирање на системот за стручно образование и обука (СОО) (VET) за подобро да одговори на побарувачката за работни вештини | Воспоставени и оперативни се два дополнителни Комитети за секторски вештини (Земјоделство; (Енергетика) Зелени вештини) со придонес кон приспособувањето на содржината и програмите за обука за стручно образование и обука, вклучително и развојот на наставните програми за стручно образование и обука (СОО) (VET) | јуни 2026 година |
| | | Ревидирани се 5 наставни програми за стручно образование и обука (СОО) (VET) (вклучително и стандардите на соодветните професии) во дефинираните области во S3 од Националната агенција за стручно образование и обука (СОО) (VET) и квалификации и одобрени од надлежното министерство за стручно образование и обука (СОО) (VET) | јуни 2026 година |
| | | Обучени се 85% од соодветните наставници за стручно образование и обука (СОО) (VET) за ревидирани наставни програми за стручно образование и обука (СОО) (VET) (декември 2026 година);<br>• Изготвување програма за обука на наставници врз основа на потребите на наставниците за спроведување 5 нови/ревидирани наставни програми (јули 2026 година);<br>• Спроведување програма за обука (декември 2026 година);<br>• Спроведување среднорочна процена на тековните стапки на вработеност (декември 2025 година);<br>• Развивање и спроведување нови политики за подобрување на вработливоста; | декември 2026 година |
| | | (50) % од учениците со диплома за завршено стручно образование и обука (СОО) (VET) кои имаат работа во сектор соодветен на нивните студии (3 месеци/6 месеци) по дипломирањето (поделени по пол и тип (вработени/ самовработени/одат на повисоки студии и истовремено работат); следено на годишно ниво (јуни 2027 година) | јуни 2027 година |
| | Ажурирање на наставните програми во основното и средното образование | Донесување и спроведување нов систем за оценување на постигнувањата [методологија и инструменти за оценување на нивото на дигитални компетенции] за наставници во основно и средно образование со посебен акцент на ИКТ-компетенциите | јуни 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Ажурирање на основните наставни програми во основното претуниверзитетско образование што го поврзува образованието со потребите на пазарот на трудот, имено предметите „природни науки, уметност, технологија и ИКТ и јазици и комуникации“) | декември 2026 година |
| | | Обучени се 95 % од наставниците за новите наставни програми | јуни 2027 година |
| | | Започнување со спроведување на новите наставни програми | јуни 2027 година |
| | | Програми за професионален развој за 50 % од СП | декември 2025 година |
| | | Проширување на програмата „Уметност и занает“ во 65 % од основните и средните училишта. (јуни 2027 година) (почетната вредност е 200 училишта) | јуни 2027 година |
| | Ажурирање на националната рамка на квалификации со воспоставување јасна и транспарентна врска помеѓу националните нивоа на квалификации и релевантните европски нивоа на рамката на квалификации (QF) | Делумно спроведување на Европските стандарди и упатства (ESG) [соодветно ESG 3.3 и ESG 2.7] и воведување јасни референци во соодветните подзаконски акти и регулативи за рамката на квалификации (QA) како критериуми за акредитација | декември 2025 година |
| | | Регулирање на рамката за препознавање/валидација на претходно неформално и информално учење и вклучување доживотни квалификации, вклучително и микро-акредитиви, во Албанската рамка на квалификации (AQF) и нејзино донесување | јуни 2026 година |
| | | 90 % од јавните и приватните даватели на стручно образование и обука (СОО) (VET) поминуваат низ процесот на акредитација | јуни 2027 година |
| | Унапредување на дигиталните вештини и писменоста за младите и обезбедување доволно ИКТ-опрема за државните училишта и универзитети | Поврзување 95 % од јавните училишта со широкопојасен интернет со голема брзина (најмалку 30 Mbits) | декември 2025 година |
| | | Воведување предмет ИКТ во сите одделенија од основното образование и обука на 500 претуниверзитетски наставници за предавање на овој предмет | декември 2026 година |
| | | Воспоставување Паметни лаборатории, секоја со посебна дигитална инфраструктура, во 75 % од јавните училишта | јуни 2027 година |
| | | Подобрување на ИКТ-капацитетите во високото образование, преку развивање и зајакнување на платформата за управување со информации во високото образование | декември 2026 година |
| | | Систематско сертифицирање програми за дигитални вештини што ќе резултира со 6.000 сертифицирани лица | декември 2026 година |
| Пазар на труд | Зајакнување на ефикасноста на Шемата на политиката за невработеност | Понуда на разновидни нови Активни политики на пазарот на труд (ALMP) насочени кон корисниците на социјална помош кои бараат работа, долгорочно невработените баратели на работа и долгорочно невработените баратели на работа со основно/без претходно образование | јуни 2025 година |
| | | Зголемување на бројот на регистрирани невработени баратели на работа во активни програми за пазарот на труд на 8 % | јуни 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Зголемување на бројот на вкупно невработени баратели на работа во полето на стручно оспособување на 20 % од вкупниот број невработени баратели на работа | декември 2026 година |
| | | Зголемување на бројот на невработени баратели на работа кои се вработуваат преку Програми за промоција на вработувањето ЕРР на Националната агенција за вработување и вештини (NAES) на 5.000 [поделени податоци по пол и ранливи групи] | декември 2027 година |
| | | Зголемување на бројот на регистрирани баратели на работа во заводите за вработување на 60 % од вкупниот број невработени лица | јуни 2026 година |
| Истражување и развој | Зајакнување на националната средина на R+I (истражување и развој) преку донесување олеснувачка стратешка рамка | Донесување на Стратегијата S3 | декември 2024 година |
| | | Донесување закон и спроведување на законодавството за наука и истражување во согласност со политиката на Европската област за истражување | декември 2025 година |
| | | Донесување Акциски план со мерки за осигурување напредок, за Албанија да се класифицира како умерен иноватор во Европската табла за иновации, што резултира со подобрување на известувањето на Албанија за индикаторите на Европската табла за иновации (EIS) | декември 2025 година |
| | | Националната агенција за научни истражувања и иновации (NASRI) ќе создаде платформа за промовирање отворена наука со која на албанските истражувачи им се овозможува слободен пристап до истражувачките публикации кои се гарантираат од нивните институции | јуни 2027 година |

| **Албанија - Развој на приватниот сектор и деловното опкружување** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Деловно опкружување | Осигурување транспарентност и ефикасност на државните катастарски услуги за инвеститорите и граѓаните и обезбедување јасна политика за користење на земјиштето | Донесување план за интегритет | декември 2025 година |
| | | Првите запишувања се завршени во 95 % од сите катастарски зони | јуни 2026 година |
| | | Дигитализацијата на сите податоци за недвижен имот во хартиена форма е завршена и напредува во согласност со сеопфатниот Патоказ за постигнување мерливи резултати за финализирање на процесите на дигитализација кои се донесени во јуни 2025 година. | јуни 2026 година |
| | | Донесување земјишна политика и воспоставување на сите неопходни административни, буџетски и координативни чекори за почеток на нејзино спроведување во 2028 година | јуни 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | [Спроведување] силни антикорупциски мерки што ги одразуваат повратните информации од засегнатите страни [претставници на граѓанското општество, адвокатската комора, нотарската комора, банките и деловните здруженија итн.], со цел да се подобри транспарентноста и отчетноста при давањето услуги и да се покаже добра евиденција на спроведување, што резултира со значително подобрен квалитет, транспарентност, ефикасност и отчетност во давањето услуги како што се евидентирање имотни листови, запишување стварни права на имот или регистрација на обврски, издавање различни потврди, обезбедени од Државната агенција за катастар | декември 2027 година |
| | | Донесување сеопфатен Патоказ за да се постигнат мерливи резултати за финализирање на процесите на дигитализација, односно да се дигитализираат катастарските сопственички права и катастарските планови во сите катастарски зони кои претходно биле во хартиена форма и целосно да се завршат првите запишувања на недвижностите | јуни 2025 година |
| | Подобрување на рамката за инвестициска привлечност, а особено рамката за СДИ и деловното опкружување преку дерегулација и модернизација на деловните услуги . | Изготвување на Патоказот за да се подобри и олесни практиката на известување за деловното работење до Владата | декември 2025 година |
| | | Донесување законски измени за олеснување на административните постапки за деловните субјекти | декември 2024 година |
| | | Донесување акциски план за подобрување на рангирањето на Албанија во Индексот на политиката на ОЕЦД за МСП | декември 2025 година |
| | | Донесување законски измени за подобрување и олеснување на инспекциската практика за деловните субјекти | декември 2025 година |
| | | Донесување на обединетите инвестициски закони и главните подзаконски акти за спроведување на законодавството, во согласност со најдобрите практики на ЕУ | декември 2026 година |
| | Зголемување на мобилизацијата на домашните приходи и сеопфатноста на даночниот систем, особено преку донесување и спроведување Среднорочна стратегија за приходи (MTRS) | Ажурирана и донесена Среднорочна стратегија за приходи (MTRS) | декември 2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *[спроведување]* мерка за (меѓу другото) оценување на сите даночни ослободувања со цел да се одлучи дали некои може постепено да се укинат и да се одлучи дали употребата на збирот податоци од трети страни овозможуваат истраги за неоправдано збогатување | јуни 2025 година |
| | | Вклучување во MTRS и спроведување мерки поврзани со подобрување на даночната администрација, како што е употребата на податоци од трети страни [електрична енергија, вода, регистрација на возила], за да се овозможи програма за даночна администрација за истраги за неоправдано збогатување во однос на стекнатиот имот на даночните обврзници | декември 2026 година |
| | | Подобрени резултати во истрагите против даночна измама | јуни 2027 година |
| | | Пополнување на регистарот на имот на даночни обврзници за 10 % од даночните обврзници | декември 2026 година |
| | | Поинтензивно претходно пополнување на пријавите за ДДВ и персонален данок на доход (со користење информации од фискализација) | декември 2026 година |
| | Зголемување на атрактивноста и транспарентноста на инвестициите, во согласност со практиките на ЕУ, подобрување на управувањето со претпријатијата во државна сопственост и државната помош | Изменување на релевантните регулативи за воведување правила за именување членови на одбори на претпријатијата во државна сопственост (ПДС), кои подложат отворени процеси на регрутирање што се темелат на заслуги | јуни 2025 година |
| | | Донесување на законот за ЈПП/концесии во согласност со правото на ЕУ и најдобрите практики на ЕУ | јуни 2025 година |
| | | ЈПП/концесиите почнуваат целосно да се интегрираат во Националната листа на проекти | декември 2025 година |
| | | Проширувањето на бројот на независни членови во одборите во поглед на критериумите на претпријатијата во државна сопственост (ПДС), преку отворени постапки кои се темелат на заслуги, ќе се спроведе „онаму каде што е изводливо“ (т.е. за сите ПДС кои не се класифицирани како „лоши изведувачи“ по извршена физибилити анализа) | декември 2026 година |
| | | Осигурување дека сите нови членови на одбори на претпријатијата во државна сопственост (ПДС) се именувани во транспарентни постапки кои се темелат на заслуги | декември 2024 година |
| | | Донесување правна основа за да се осигури оперативно независен орган за државна помош и оперативни аранжмани (буџет) | декември 2025 година |
| Дигитализиран товарен транспорт и транспортни системи | Распоредување дигитализиран товарен транспорт и интелигенти транспортни системи (ИТС) | Донесување релевантно законодавство за усогласување со Регулативата на ЕУ 2020/1056 за електронски информации за товарен транспорт (eFTI) | јуни 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Ратификување на додадениот Протокол на Конвенцијата на Обединетите нации за превоз на стоки, за „електронскиот товарен лист“ (eCMR) за меѓународен патен превоз на стоки, потребен за распоредување на eFTI | декември 2025 година |
| | | Донесување релевантно законодавство за рамките за интелигентни транспортни системи (ITS) и стандардите за патишта, во согласност со правото на ЕУ | декември 2026 година |
| | | Спроведување на првата фаза од системите за собирање податоци за сообраќајот и системите за информации за корисниците на патиштата | јуни 2027 година |
| | | Донесување релевантно законодавство за рамките за интелигентни транспортни системи (ITS) и стандардите за железници, во согласност со правото на ЕУ | јуни 2027 година |
| Развој на приватниот сектор | Промовирање на извозот и интернационализација на претпријатијата, вклучително и олеснување на извозот и трговијата и поддршка на синџирот на вредности на избраните индустрии со потенцијал за раст | Донесени се законите за здравје на животните и за здравје на растенијата и целосно се усогласени со правото на ЕУ | јуни 2025 година |
| | | Донесена е програма за унапредување и олеснување на извозот | декември 2025 година |
| | | Законите за службени контроли се целосно усогласени со правото на ЕУ | јуни 2026 година |
| | | Подготвени се подзаконските акти [законите за здравје на животните, здравје на растенијата и службени контроли] | декември 2026 година |
| | | Зголемување на уделот на извозот [услуги и стоки] во БДП, каде што учеството на извозот во БДП во нето вредност изнесува 40 % | јуни 2027 година |
| | | Постигнат е напредок во регулаторните иницијативи и/или мерките за поддршка кои се поврзани со индустриските партнерства со Европската Унија што создаваат синџир на вредности | декември 2027 година |
| | | Напредок во регулаторните иницијативи | декември 2025 година |
| | | Напредок во регулаторните иницијативи | јуни 2026 година |
| | | Континуиран напредок на иницијативата Зелени ленти за олеснување на трговијата со донесување на Програмата за олеснување на трговијата и транспортот | декември 2025 година |

# Косово

| Косово - Реформа на јавната администрација (вклучително и Управување со јавни финансии) | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Реформа на јавната администрација | Зајакнување на административните капацитети со редовно пополнување на слободните работни места во јавната администрација и намалување на бројот на отворени работни места и вршители на должност со истовремено подобрување на управувањето и следењето на човечките ресурси врз основа на докази | Донесување годишен извештај од следењето на управувањето со човечките ресурси врз основа на новата методологија и натамошно донесување и објавување на овој извештај на редовна годишна основа; 95 % од министерствата и агенциите во државната администрација ги одобриле и ги спроведуваат прописите за нова внатрешна организација во согласност со Законот за организација и работа на органите на државната управа и независните агенции (LOFSAIA); Секој релевантен оддел на Министерството за внатрешни работи и единиците за управување со човечки ресурси во ресорните министерства се формирани и соодветно екипирани и обучени за извршување на клучните задачи, вклучително и УЧР, како што е релевантно | декември 2025 година |
| | | 95 % од работните места одговараат на новата класификација на работни места во државната служба и 95 % од нив се целосно систематизирани во согласност со новата внатрешна организација на ресорните министерства | јуни 2026 година |
| | | Успешно се пополнети 80 % од планираните отворени работни места во годишниот план за вработување на институциите на државната управа преку редовна организација на централизирани вработувања, а вршителите на должност се намалени на 20 % | декември 2026 година |
| | Воспоставување транспарентен систем на наградување и рационализирана организација на ресорните министерства и подредените тела за одговорна администрација. | 70 % автоматизација на исплатата на плати за државната служба преку поврзување на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (HRMIS) со косовскиот информативен систем за финансиско управување | декември 2025 година |
| | | Податоците за платите во јавната служба според новата регулатива за класифицирање на работните места се објавуваат годишно, лесно се достапни и поделени во категории, класи и работни места. | јуни 2026 година |
| | | Сите ресорни министерства и подредени агенции функционираат ефикасно врз основа на новата методологија за управување со успешноста | декември 2026 година |
| | | Сите нивоа на плати се усогласени со анализа на работните места и квалификациите и одговараат на описот на работното место и класификацијата на работните места за прекласифицираните позиции во државната служба според новата внатрешна организација на ресорните министерства | јуни 2027 година |
| | | Според Националната стратегија за развој, сите сектори на политиката се ревидираат во согласност со Законот за организација и работа на органите на државната управа и независните агенции (LOFSAIA) и методологијата за рационализација, што води до активности за организациска рационализација кои се специфични за секторите (т.е. Акциски план(ови)). Целосно и сеопфатно се спроведуваат дефинираните акциски планови за рационализација и поврзаните регулативи и оперативни чекори. | декември 2027 година |
| Управување со јавни финансии | Комплетирање на правната и институционалната рамка за системот за јавни набавки | Собранието ги донесува новите примарни закони за јавни набавки и јавно приватно партнерство кои се усогласени со најновото право на ЕУ и стандардите на ЕУ | декември 2025 година |
| | | Организацијата и составот на Телото за прегледување на јавните набавки се целосно усогласени со новиот закон за ЈН; Сите постапки за набавки се обработуваат преку надградената платформа за е-набавки според новиот Закон за ЈН | јуни 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Годишна ревизија на успешноста на активностите за јавни набавки во ресорните министерства во областите со висок ризик за откривање и спречување корупција и неправилности | јуни 2027 година |
| | | 10 % од големите договори за јавни набавки се доделуваат согласно најдобриот сооднос цена-квалитет како критериум за доделување на договорите; | декември 2027 година |
| | Реформа на управувањето со јавните инвестиции, опфаќајќи ја регулаторната рамка за јавни инвестиции, административната поставеност и унифицираниот методолошки пристап за да се осигури усогласеност со најдобрите меѓународни стандарди и да се овозможи потранспарентно и поефикасно спроведување на капиталните проекти. | Целосно се интероперабилни системот за е-набавки и Косовскиот информативен систем за финансиско управување (KFMIS). Обезбедена е повеќегодишна евиденција од договорните обврски. | јуни 2025 година |
| | | Најмалку 75 % од процените на проектите од голем обем ги прегледува централната канцеларија за ревизија на проекти формирана во Министерството за финансии, труд и трансфери (MFLT) за преглед на примената на методологиите и насоките од ресорните министерства - или со воспоставување нова поделба или задолжување на постојниот персонал, за големи проекти кои ги покриваат сите извори на финансирање | јуни 2027 година |
| | | Систематски се применуваат насоките и методологиите за процена и избор на проекти, кои се во согласност со најдобрите меѓународни стандарди, и тоа за сите капитални проекти од сите буџетски организации. | декември 2027 година |

| **Косово - Зелена (енергија)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Пазарни реформи | Транспонирање и спроведување на Пакетот за чиста енергија. | Усогласување на законодавството со пакетот за интеграција на електрична енергија во согласност со барањата на Енергетската заедница со донесување на Законот за енергетика и Законот за електрична енергија и подзаконските акти | јуни 2025 година |
| | | Донесување Закон за енергетски регулатор и подзаконски акти. | декември 2025 година |
| | | Натамошно отворен малопродажен пазар на електрична енергија паралелно со преодно изоставување на Договорот за снабдување на големо за дерегулација на малопродажните цени на електрична енергија во согласност со барањата од Пакетот за интеграција на електрична енергија, со кој јавната интервенција во одредувањето на цените за крајните корисници може да е само привремена и ограничена за домаќинствата и МСП; Операторот на преносниот систем (KOSTT) и Албанската берза за електрична енергија (ALPEX) ќе се приклучат на спојувањето на пазарот ден однапред со ЕУ врз основа на планот за интеграција на операциите за спојување на пазарот (MCO IP), кој е одобрен од Агенцијата за соработка на енергетските регулатори на Европската Унија (ACER) | јуни 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Набавката на електрична енергија за покривање на загубите на операторот на преносниот систем (DSO) се врши на пазарот и по пазарни цени споредливи со цените утврдени на пазарот ден однапред со кој управува ALPEX. Разумните количини загуби на операторот на преносниот систем (DSO) по пазарни цени се признаваат како трошоци од регулаторот ERO при годишната ревизија на тарифите на операторот на преносниот систем (DSO) | декември 2026 година |
| Политика за декарбонизација | Спроведување климатски и енергетски активности според Националниот план за енергија и клима (NECP) | Донесување Патоказ за праведна транзиција со временска рамка и индикатори за спроведување | јуни 2025 година |
| | | Ревизија и донесување на пакетот подзаконски акти за спроведување на законот за климатски промени, вклучително и законодавната рамка за да се овозможи воспоставување СИВА (MRVA) | декември 2025 година |
| | | Целосно спроведување на следење, известување, верификација и акредитација СИВА (MRVA) | јуни 2026 година |
| | | Воспоставување сеопфатен регистар на ранливи потрошувачи и дефинирање на националната цел за поддршка на енергетски сиромашните домаќинства и ранливите потрошувачи во согласност со Законот за енергетика и целите на NECP | декември 2026 година |
| Распоредување обновливи извори на енергија | Развој на транспарентни и конкурентни постапки за распоредување обновлива енергија | Објавување 3-годишен план за аукција и започнување аукција за распоредување 150 MW ветерна енергија | декември 2024 година |
| | | Поедноставување на постапките за издавање дозволи за обновливи извори на енергија за домаќинствата и големите инсталации | декември 2025 година |
| | | Инсталирани и поврзани најмалку 100 MW нови капацитети за обновлива сончева енергија и потпишани договори за најмалку 150 MW нови капацитети за обновлива енергија во согласност со NECP и целите кои се договорени во рамките на Енергетската заедница | декември 2027 година |
| Енергетска ефикасност | Спроведување на Директивата за енергетска ефикасност и Директивата за енергетски карактеристики на зградите | Спроведувањето на донесената Стратегија за реновирање згради и планот за згради со речиси нула енергија е на добар пат преку реновирање на постојните јавни згради во согласност со годишната цел за реновирање од 3 % (Директива за енергетска ефикасност) | јуни 2026 година |
| | | Спроведување на Стратегијата за реновирање згради и планот за згради со речиси нула енергија, преку: Сертификација на сите нови станбени згради со сертификат за енергетски карактеристики во согласност со Директивата за енергетски карактеристики на зградите (ДЕКЗ); Воведување мерење и наплата за централно греење врз основа на потрошувачката. | декември 2026 година |
| | | Зголемување на вкупната стапка на реновирање згради и улично осветлување: реновирани 0,5 милиони квадратни метри | јуни 2027 година |

| Косово - Дигитализација | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Дигитализација на јавните услуги и инфраструктури | Осигурување поедноставно давање јавни дигитални услуги за корисниците преку намалување на административниот товар и подобрен квалитет и зголемен број услуги достапни на интернет. | Ревидирани се 100 % од новите закони со кои се наметнува административен товар во контекст на спречување на административниот товар според методологијата за намалување на административниот товар | јуни 2025 година |
| | | Отстранување фискални каси и нивна замена со целосно функционална софтверска платформа | јуни 2026 година |
| | | Зајакнување на меѓусебната поврзаност на матичните книги со другите државни регистри (Агенција за регистрација на бизниси (ABRK)), Даночната управа на Косово, Системот за адреси (ARIS) | декември 2026 година |
| | | Стандардизирани и дигитализирани се 10 јавни регистри од администрацијата за да се подобри начелото „само еднаш“ | јуни 2027 година |
| | | 50 % од јавните услуги за граѓаните и деловните субјекти се нудат преку онлајн-порталот e-Kosova | декември 2027 година |
| | Е-потпис и распоредување Паричник за дигитален идентитет | Усогласеност со Регулативата за дигитален идентитет на ЕУ | јуни 2026 година |
| | | Спроведување на националното законодавство за електронска идентификација и доверливи услуги во согласност со Регулативата eIDAS и постигнување подготвеност за меѓусебно признавање на услугите за eID/доверба; поднесување барање за приклучување кон списокот на доверливи трети земји на ЕУ за валидација на електронски потписи како прв чекор кон Паричникот за дигитален идентитет на ЕУ; постигнување подготвеност за учество во балканскиот Паричник за дигитален идентитет | декември 2027 година |
| | Воспоставување безбедна, отпорна и одржлива дигитална инфраструктура, вклучително воведување рурален и мобилен широкопојасен интернет и 5G, со строго усогласување со Алатката EU 5G со мерки за ублажување за справување со безбедносните ризици | Усогласување со Законот за гигабитна инфраструктура | декември 2025 година |
| | | Распоредување на мрежата и услугите за 5G да стигне до 20 % од домаќинствата | јуни 2027 година |
| | | Усогласеност со алатката за кибербезбедност EU 5G | декември 2027 година |
| Кибербезбедност | Сеопфатна рамка за киберотпорност (воведување барања од Директивата NIS2 и зајакнување на релевантните институции) | Оперативни се националните и владините компјутерски тимови за одговор при итни случаи (CERT) и постигнат е најмалку статус „акредитиран“ во мрежата TF CSIRT Trusted Introducer | јуни 2026 година |
| | | Собранието го донесува новиот закон за кибербезбедност кој е целосно усогласен со Директивата NIS2 | декември 2026 година |
| | | Поставени се и се користат рамките воведени со усогласувањето со NIS2 (Национална стратегија за безбедност на мрежни и информациски системи усогласени со барањата од NIS2, единствена точка за контакт, рамка за соработка во управувањето со кризи на национално ниво, рамка за координирано откривање на ранливост (CVD)) | јуни 2027 година |
| | | Воспоставен е надлежен орган и оперативен е списокот субјекти (Агенцијата за кибербезбедност која дејствува како надлежен орган како што е дефинирано во NIS2): доволно екипиран, опремен со надзорни овластувања, врши надзорни проверки; финализиран е списокот субјекти во опфатот на националното законодавство што одговара на Директивата NIS2) | декември 2027 година |

| Косово - Развој на приватниот сектор и деловното опкружување | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Деловно опкружување | Олеснување на инвестициите на приватниот сектор и подобрување на механизмите за привлекување СДИ во стратешките сектори промовирајќи производи и услуги со повисока додадена вредност и иновации | Формирана е Комисија за државна помош | декември 2024 година |
| | | Функционален е Системот за контрола на државната помош. | јуни 2025 година |
| | | Формирани и целосно функционални се Агенцијата за инвестиции и извоз и Агенцијата за поддршка на претпријатијата | декември 2025 година |
| | | Воспоставување механизам за постапување по приговорите на инвеститорите според Законот за одржливи инвестиции и Програма за натамошна грижа на корисници и Единица за натамошна грижа на инвеститори во рамките на Агенцијата за промоција на инвестиции | јуни 2026 година |
| | | Воведување субвенции и неопходни законодавни реформи за привлекување СДИ со фокус на растот на СДИ во стратешките сектори | декември 2026 година |
| | | Раст на СДИ во стратешките сектори (10 % во споредба со почетната вредност во 2024 година) | декември 2027 година |
| | Поддршка за создавањето и растот на новооснованите претпријатија и ММСП кои се специјализирани за ИКТ и зелена и циркуларна економија, како и прифаќање на зелените технологии, преку Фондот за иновации и бизнис-инкубаторите. | Донесување закон за иновации и претприемништво | декември 2024 година |
| | | Формирани и целосно оперативни се Националниот совет за иновации и Фондот за иновации | јуни 2025 година |
| | | Воспоставување одржлива рамка за поддршка на постојните бизнис-инкубатори кои се однесуваат на иновативните новоосновани претпријатија во зелената и циркуларната економија и ИКТ (минимум 30 % ги покрива Владата) | јуни 2026 година |
| | | Создавање прозорец за иновации кон прифаќање зелени технологии во рамките на Фондот за иновации со значителен број корисници (најмалку 40 трговски друштва) | декември 2026 година |
| | Подобрување на извозниот профил на стратешките сектори, вклучително и преку спроведување на Стратегијата за индустриски развој и поддршка на бизнисот 2030 година. | Формиран и целосно функционален е Информативен центар за извозен пазар | декември 2025 година |
| | | Поддржани се 6 лаборатории за тестирање и 4 тела за сертификација кои се подготвени да обезбедат меѓународна акредитација | јуни 2026 година |
| | | Поддршка за МСП со цел да им се помогне да се справат со предизвиците за оцена на сообразност во приоритетните сектори со цел раст на извозот (100 трговски друштва) | јуни 2027 година |
| | | Раст на извозот во стратешките сектори (15 % во споредба со почетната вредност во 2024 година) | декември 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Спроведување на законодавството за стечај преку усогласување со правото на ЕУ, поедноставување на постапките, мерки на политиката за инсолвентност и рационализирање на процесите преку дигитални алатки. | Изменето е примарното и секундарното законодавство поврзано со стечај и инсолвентност и усогласено е со правото на ЕУ (Регулатива за инсолвентност, Директива за реструктуирање и втора шанса, Директива за задоцнето плаќање) | јуни 2025 година |
| | | Воспоставен е Систем за рано предупредување за да се утврди и спречи банкрот на МСП. Воведен е систем за рано предупредување за одржливи МСП кои се соочуваат со големи тешкотии и превентивни постапки за реструктуирање на долгот на МСП со 100 поддржани МСП | јуни 2026 година |
| | | Јавно се достапни податоците за бројот на активни постапки за реструктуирање и стечајни управници | декември 2026 година |
| | Подобрување на управувањето, ефикасноста и отчетноста на јавните претпријатија (ЈП) за да се подобри нивниот придонес за економијата. | Осигурување дека сите регистри на ЈП се јавно достапни и ажурирани, вклучително и информации за сопственичката структура. 100 % од ЈП имаат формирано независен одбор за ревизија кој е задолжен за справување со наодите од внатрешната и надворешната ревизија, вклучително и наодите за управување со фискалниот ризик. Единицата одговорна за следење на ЈП како механизам за следење бара извештај за отстранување на наодите на ревизорот и наодите за управување со фискалниот ризик во рокот определен од Одборот на директори, анализирајќи и барајќи одговорност врз основа на препораките на ревизијата и елементите на фискалниот ризик | декември 2025 година |
| | | Целосно се спроведени 50 % од препораките на независната надворешна ревизија за 2023 година од централните јавни претпријатија (POE). | јуни 2026 година |
| | | Измена на Законот за јавните претпријатија - Овој закон треба да се измени за да се усогласи со Насоките на ОЕЦД за корпоративно управување на ЈП; Сите ЈП се обврзани да објавуваат годишни финансиски извештаи. Навремено објавување на консолидираните годишни извештаи за успешноста на ЈП изработени од Министерството за економија - Единица за следење на јавните претпријатија за да се обезбеди ефективно управување со фискалниот ризик и навремен надзор на секторот за јавни набавки; За сите централни ЈП се дефинирани цели и КПУ кои се утврдени во нивните годишни извештаи и се оценуваат на годишно ниво врз основа на нивното исполнување. | декември 2026 година |
| | Распоредување интелигентен транспортен систем (ITS) и дигитализиран товарен транспорт кој е целосно усогласен со Директивата ITS. | Усогласување со Регулативата (ЕУ) 2020/1056 за електронски информации за товарен транспорт (eFTI) | декември 2025 година |
| | | Спроведување ITS рамки и стандарди за патишта и железници | декември 2026 година |
| | | Во функција е ITS на 60 километри од патната мрежа TEN-T | декември 2027 година |
| Пристап до финансирање | Подобрување на пристапот до финансирање, интеграцијата/услугите на платниот систем и финансиската вклученост преку различни правни постапки. | Донесување на Законот за микро-финансиски институции и небанкарски финансиски институции и подзаконските акти за решавање на статусот на МФИ и НБФИ за да се овозможат нови инвестиции и раст и да се поддржат напорите за пристап до финансирање | декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Проширување на Косовскиот кредитен гарантен фонд (KCGF) за да се подобри пристапот до финансирање со акцент на извозно ориентираните производители и даватели на услуги, како и недоволно поддржаните ММСП, како што се жените во бизнисот, земјоделците и новооснованите претпријатија, преку создавање два дополнителни прозорци: извозно ориентиран прозорец за ММСП и прозорец за новоосновани претпријатија (трговски друштва кои се регистрирани помалку од 2 години). Обезбедување дополнителен владин придонес од 20 милиони евра за капиталната структура на Фондот. | јуни 2026 година |
| | | Во 2027 година, ова финансирање треба да придонесе за најмалку 30 % зголемување на активностите на Косовскиот кредитен гарантен фонд (KCGF) во споредба со почетната вредност во 2022 година. Тоа значи позајмување најмалку 126,5 милиони евра од финансиски посредници за 2.627 заеми во корист на 2.275 ММСП. | декември 2027 година |

| **Косово - Човечки капитал** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Образование | Врз основа на Стратегијата за образование 2022 - 2026 година, воведување дигитализиран образовен систем преку спроведување дигитална инфраструктура во училиштата, обезбедување дигитални материјали за учење и развивање на дигиталните вештини на наставниците. | Нови технолошки уреди набавени од институциите за образование и обука и високообразовните институции. (Стратешки план за образование на Косово (KESP 5.3.4)) | декември 2025 година |
| | | Најмалку 40 % од наставниците покажуваат основно ниво на дигитални компетенции за наставниците (врз основа на DigCompEdu и Стратешкиот план за образование на Косово (KESP 5.4)), поделени по пол | декември 2026 година |
| | | Најмалку 60 % од образовните институции (институции за образование и обука (ETI), високообразовни институции (HEI), Министерство за економски развој (MED), Министерство за образование наука технологија и иновации (MESTI), агенции, институти) ги исполнуваат основните барања за дигитални компетенции за образовните организации, како што е наведено во рамката DigCompOrg, особено во однос на дескрипторите кои се однесуваат на ресурсите и одредниците (т.е. дескриптори 12 и 15 од рамката DigCompOrg од 2015 година) (Стратешки план за образование на Косово (KESP 5.6.4)) | јуни 2027 година |
| | | Изготвени и објавени дигитални наставни материјали за предметите во основно и средно образование и споделени со сите училишта (Ј27) (Стратешки план за образование на Косово (KESP 5.2.2)) | декември 2027 година |
| | Зголемување на уписот во и квалитетот на предучилишното образование преку подобрување на пристапот и квалитетот на системот и услугите за грижа, промовирање холистички развој на децата и како резултат на тоа, олеснување на учеството на жените на пазарот на труд. | Најмалку 80 % од сите установи за згрижување деца од предучилишна возраст (ECEC) се усогласени со најмалку 40 % од рамката за обезбедување квалитет; | јуни 2025 година |
| | | Најмалку 8 % од децата на возраст од 0 до 2 години се запишани во предучилишна установа. (Стратешки план за образование на Косово (KESP 1.1.4)) | декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Најмалку 45 % од децата на возраст од 3 до 5 години се запишани во предучилишна установа. (Стратешки план за образование на Косово (KESP 1.1.3)) | декември 2026 година |
| | | Најмалку 50 % од приватните установи за згрижување деца од претшколска возраст (ECEC) се оценети според рамката за обезбедување квалитет. | декември 2027 година |
| | Зајакнување на квалитетот на образованието и професијата наставник преку подобрување на квалитетот и релевантноста на континуираниот професионален развој на наставниците, спроведување на системот за лиценцирање на наставниците, вршење квалитетна ревизија на учебниците и подобрување на ефикасноста на оценувањето на училишните постигнувања | Планот за реорганизација на училишната мрежа е спроведен најмалку 40 % (Стратешки план за образование на Косово (KESP 2.1.2)) | декември 2025 година |
| | | Донесување ревидирана наставна програма за 1-5 одделение; Донесување ревидирана наставна програма за 6-10 одделение и 70 % од учебниците и наставните материјали според нивоата на претуниверзитетско образование. (Стратешки план за образование на Косово (KESP 2.7.2)); Најмалку 50 % од училиштата подложат интерни и екстерни оценувања (Стратешки план за образование на Косово (KESP 2.2.3)) | јуни 2026 година |
| | | Најмалку 80 % од новите/акредитираните програми за обука на наставниците се во согласност со стандардите за наставници и филозофијата на наставната програма кои се понудени на соодветните нивоа на претуниверзитетско образование (Стратешки план за образование на Косово (KESP 2.9)); 55 % од децата со посебни потреби се запишани во задолжително основно образование, а 30 % се запишани во средно образование, со соодветен сооднос наставник/ученик (Стратешки план за образование на Косово (KESP 2.3.2.)) | декември 2026 година |
| Пазар на труд | Зголемување на учеството на жените, младите и ранливите групи на пазарот на труд преку тековно реструктуирање и подобрување на административниот капацитет на јавните служби за вработување | 50 % од мерките на активниот пазар на труд се насочени кон жените, младите (на возраст од 15 до 29 години), лицата со попреченост, лицата кои живеат во руралните области и етничките малцински групи. | јуни 2026 година |
| | | Соодносот советник во Агенцијата за вработување наспроти клиент е намален на 1:500. | јуни 2027 година |
| | Усогласување на образованието со потребите на пазарот на труд преку тесна соработка со деловната заедница и ревидирање на правната рамка за стручно образование и обука (СОО) (VET) и образование на возрасни и подобрување на учењето кое се темели на работа во училиштата за стручно образование и обука (СОО) (VET). | Полноправно членство во Европската асоцијација за обезбедување квалитет (ENQA) | јуни 2025 година |
| | | Влегување во сила на новиот закон за регулирање на стручното образование и обука (СОО) (VET) (вклучително управување, наставни програми, формула за финансирање и мрежа на институции за стручно образование и обука (СОО) (VET) и образование на возрасни (AE) во согласност со европските стандарди. | декември 2025 година |
| | | Најмалку 30 % од наставниците и обучувачите за стручно образование и обука (СОО) (VET) и образование за возрасни или се обучени за работа со новите наставни програми или веќе имаат соодветно професионално искуство; Најмалку 50 % од неформалните квалификации кои ги нудат јавните служби за вработување (PES) се регистрирани во регистарот за национални рамки на квалификации (NRK). | јуни 2026 година |
| | | 50 % од учениците со стручно образование и обука (СОО) (VET) имаат значително (најмалку 25 % од програмата) професионално искуство преку учење на работното место, поделени по пол. | декември 2026 година |
| | | Најмалку 90 % од формалните квалификации понудени од институциите за средно стручно образование (VETI) се регистрирани во регистарот за национални рамки на квалификации (NRK). | јуни 2027 година |
| | | Најмалку 80 % од институциите за средно стручно образование (VETI) нудат услуги за кариерно советување и насочување. (Стратешки план за образование на Косово (KESP 3.4.2)) | декември 2027 година |

| Косово - Фундаментални права и владеење на правото | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Правосудство | Подобрување на успешноста, интегритетот, отчетноста и ефикасноста на правосудството, вклучително и со спроведување на Заедничката изјава за посветеност | Зајакнување на механизмот за следење и известување за да се осигури целосна и ефективна употреба на Информацискиот систем за управување со случаи (CMIS), кој се темели на одговорност и придружни дисциплински мерки; | декември 2024 година |
| | | Осигурување ефективни проверки на интегритетот во согласност со европските стандарди преку редовна целосна проверка на анкетните листови за имотната состојба на судиите и јавните обвинители од Агенцијата за спречување на корупцијата, вклучително и преку вкрстена проверка на информациите со релевантните институции; измена на Законот за дисциплинска одговорност на судиите и јавните обвинители за да се земат предвид наодите на оценската мисија на ТАИЕКС (TAIEX), вклучително и со воведување специјализирано истражно тело; подобрување на системот за регрутирање преку зајакнување на сегашните механизми за позадинска проверка на кандидатите, вклучително и со појаснување на нивниот опсег и постапките. Осигурување дека законодавните реформи со кои се спроведува Заедничката изјава за посветеност се усогласени со европските стандарди и овозможување доволно време за нивна консултација и проверка. | јуни 2025 година |
| | | Донесување Граѓански законик | декември 2025 година |
| | | Подобрување на отчетноста на претседателите на судовите и главните јавни обвинители во функционирањето и управувањето со судовите и јавните обвинителства, вклучително и со воведување следење на обработката на предметите, анализа на успешноста на судовите и јавните обвинителства и извештаи за буџетот и потребите на персоналот | јуни 2026 година |
| | | Зголемување на вкупната стапка на расчистување на предметите во прва инстанца на 115 % | декември 2027 година |
| Борба против корупцијата | Подобрување на ефикасноста во борбата против корупцијата со спречување и репресија на истата и преку подобрување на стратешката рамка | Донесување Антикорупциска стратегија за 2024-2027 година во согласност со најдобрите европски практики и стандарди и националните уставни начела, вклучително и годишни акциски планови со мерливи цели и механизам за известување за нивното спроведување | декември 2024 година |
| | | Зголемување на бројот на извештаи за пријави од укажувачи што ги обработува Агенцијата (за 30 % во споредба со 2024 година) | јуни 2025 година |
| | | Зголемен број предмети кои му се доставени на јавното обвинителство од Агенцијата за спречување на корупцијата (за 30 % во однос на почетната вредност од 2023 година) во 2025 година; Проценети се 15 % од законодавството против корупција, а прегледани се 50 % од плановите за интегритет | јуни 2026 година |
| | | Времето на располагање на Специјалните одделенија на судовите во првостепените предмети за корупција, организиран криминал и тероризам во 2026 година е намалено на 1 година | јуни 2027 година |
| | | Покажан е зголемен број истраги, потврдени обвиненија и пресуди во предмети на корупција, вклучително и на високо ниво | декември 2027 година |
| Борба против организираниот криминал | Ефикасно спроведување на полициската организациска структура што овозможува пристап кој се темели на разузнавање во борбата против организираниот криминал, спроведување стратешки пристап во борбата против организираниот криминал и подобрување на мултидисциплинарната соработка во сложени случаи, | Донесена Стратегија за борба против организираниот криминал, која се фокусира на зајакнување на институционалната соработка, финансиските истраги и разузнавачките капацитети; Формиран е Фонд за конфискација;<br>Воспоставување разузнавачки структури на полициско регионално и централно ниво со доволно човечки и технички ресурси; | јуни 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | што доведува до зголемување на бројот на пресуди. | Покажано е зголемување на вкупната вредност на заплени, замрзнат имот и конфискувани приноси од криминал | јуни 2026 година |
| | | Зголемен број финансиски истраги и истраги од мултидисциплинарни тимови за сложени случаи за 50 % во 2026 година во споредба со почетната вредност од 2023 година; Покажан е зголемен број истраги, потврдени обвиненија и пресуди во случаи на организиран и сериозен криминал | јуни 2027 година |
| Фундаментални права | Зајакнување на спроведувањето на законодавната и стратешката рамка за заштита од семејно и родово насилство и за правата на немнозинските заедници. | Директорот на Канцеларијата за прашања на заедниците се избира и именува во согласност со постојното законодавство | декември 2024 година |
| | | Во кабинетот на премиерот е формирано и функционира Одделение за превод, хармонизација и лингвистичка контрола | декември 2025 година |
| | | Формиран е Секретаријат за национален координатор; Бројот на налози за заштита издадени од основните судови во 2025 година е зголемен за 20 % (почетна вредност во 2023 година) | јуни 2026 година |
| | | Казните за семејно насилство се над минималниот законски праг во најмалку 80 % од случаите; Бројот на правосилни пресуди поврзани со семејно насилство како резултат на семејната врска како отежнувачка околност во 2026 година е зголемен за 40 % (почетна вредност во 2023 година) | јуни 2027 година |
| Демократија | Подобрување на работата на Собранието во донесувањето закони и надзор преку подобрено планирање, внатрешно управување и развој. | Воведување електронски систем за гласање (присуството и учеството се вклучени во овој систем) | декември 2024 година |
| | | Донесување на програмата за работните седници на Собранието. | јуни 2025 година |
| | | Воведување мерки и/или казни во Деловникот за да се осигури непречена работа на Собранието | декември 2025 година |
| Визна политика | Зголемување на усогласеноста на визната политика со правото на ЕУ | Раскинување на договорите за безвизен режим со земјите [најмалку еден годишно, почнувајќи од 2025 година] за кои е потребна виза за ЕУ [мерено на крајот на секоја година [декември] за времетраењето на Инструментот 2024-2027 година]. | декември 2025 година |
| | | Раскинување на договорите за безвизен режим со земјите [најмалку еден годишно, почнувајќи од 2025 година] за кои е потребна виза за ЕУ [мерено на крајот на секоја година [декември] за времетраењето на Инструментот 2024-2027 година]. | декември 2026 година |
| | | Раскинување на договорите за безвизен режим со земјите [најмалку еден годишно, почнувајќи од 2025 година] за кои е потребна виза за ЕУ [мерено на крајот на секоја година [декември] за времетраењето на Инструментот 2024-2027 година]. | декември 2027 година |

# Црна Гора

| Црна Гора - Развој на приватниот сектор и деловното опкружување | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Деловно опкружување | Реформирање на владеењето со претпријатијата во државна сопственост (ПДС). Подобрување на управувањето, ефикасноста и отчетноста на претпријатијата во државна сопственост (ПДС) за да се подобри нивниот придонес за економијата. | Водење јавно достапен и ажуриран регистар на претпријатија во државна сопственост (ПДС) и трговски друштва со учество на државата, вклучително и општински трговски друштва. Регистарот треба редовно да се ажурира со сите релевантни податоци за финансиското работење на ПДС [ликвидност, профитабилност, солвентност], како и податоци за резултатите од надворешните ревизии | декември 2024 година |
| | | Корпоративно управување и отчетност. Изменување на корпоративното законодавство или донесување нов закон/подзаконски акт за воведување нови правила и критериуми за именување и избор на членови на управни одбори на ПДС. Именувањата подложат отворен и независен процес на селекција кој се темели на заслуги, а истовремено се зголемува различноста и бројот на независни членови на одборите. Зајакнување на управувањето, сопственичката функција и надзорот врз ПДС преку воведување стимуланси според успешноста за оценување на ефикасноста на ПДС врз основа на задолжителните годишни финансиски извештаи, кои треба да се достапни во регистарот на ПДС. | јуни 2025 година |
| | | Управување со ризик, внатрешна ревизија и ревизорски комитети. ПДС воспоставуваат независна функција за внатрешна ревизија и управување со ризик, следејќи ги меѓународно признатите рамки и стандарди, како и добрата практика на ЕУ за јавна внатрешна финансиска контрола (ЈВФК). Исто така, ПДС формираат функционални ревизорски одбори во согласност со релевантниот закон. | јуни 2026 година |
| | | Именувања во раководните тела и финансиско известување. 100 % од новите членови на Одборот ќе се именуваат во согласност со новоутврдените правила/критериуми. Мнозинството [најмалку 51 %] од постојните членови на одборот подложат повторна евалуација во согласност со новоутврдените правила и критериуми. 80 % од ПДС објавуваат годишни финансиски извештаи | декември 2026 година |
| | | Воспоставување ефективен систем за надзор на оценувањето, следењето и известувањето за финансиската успешност и фискалните ризици на ПДС. Фискалните ризици на ПДС кои потенцијално може да имаат влијание врз централниот буџет се проценуваат систематски и се следат, меѓу другото, преку објавување годишни збирни извештаи за портфолиото на ПДС и Изјава за фискалните ризици за централниот буџет кои се резултат на ПДС | декември 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ревидирање на процесите за јавни набавки и политиките за државна помош. Подобрување на транспарентноста, ефикасноста и интегритетот во процесите на јавни набавки и државната помош. | Меѓувладини договори и договори со трети земји. Нивото на транспарентност во однос на сите проекти [завршени, тековни и идни договори] склучени според меѓувладини договори се зголемува со воведување јавно достапни информации кои се специфични за проектите во системот за е-набавки. Треба да се достапни следниве елементи:<br>• Име на проектот<br>• Вредност на договорот за набавка<br>• Основни информации за договорот за набавка<br>• Договорен орган<br>• Главен изведувач<br>• Применета постапка за набавка<br>• Состојба на проектот во согласност со утврдената методологија за управување со проектот.<br>• Направени студии и консултации со јавноста, вклучително влијанието врз животната средина и други технички испитувања, анализа на трошоците и придобивките и физибилити студии.<br>• Информации за тоа како да се почитуваат стандардите на ЕУ, вклучително и начелата на транспарентност и еднаков третман во јавните набавки | декември 2024 година |
| | | 100 % од сите меѓувладини договори и договори со трети земји склучени од декември 2026 година се целосно усогласени со правилата на ЕУ за јавни набавки (со исклучок на секторите за одбрана и безбедност). | јуни 2027 година |
| | | Антикорупциска рамка. По донесувањето на Законот за измени на Законот за спречување на корупцијата, ревидирање на рамката за антикорупција, интегритет и конфликт на интереси за јавните набавки и спроведување на измените | јуни 2025 година |
| | | Собранието го донесува новиот Закон за заштита на конкуренцијата и новиот Закон за контрола на државната помош, со што се осигурува целосна финансиска независност на Агенцијата за заштита на државната помош и конкуренција за вршење контрола на државната помош и правилата за конкуренција | декември 2025 година |
| | | Конкурентност и ефикасност на пазарот за набавки. Вредноста на јавните набавки кои не се објавени по пат на оглас (директна набавка со вредност под 8.000,00 евра) треба да се намали на 2 процентни поени од вкупната вредност на јавните набавки до декември 2026 година. Годишното намалување за најмалку 3 процентни поени на вкупната вредност на јавните набавки треба да се реализира и во 2024 и во 2025 година | декември 2026 година |
| | Отстранување на регулаторните бариери и олеснување на водењето деловни активности | Усогласување со Законот за регистрација на деловните организации. Новиот Закон за регистрација на деловните организации го препознава и дефинира статусот на активните и неактивните трговски друштва. Регистарот на трговски друштва редовно се ажурира за да се отстранат непостојните трговски друштва од регистрите (во согласност со Законот за регистрација на деловните организации). Осигурена е доследност помеѓу регистарот на должници на Централната банка и регистарот на трговски друштва (тековното несовпаѓање е 15 % од трговските друштва со блокирани сметки кои не се прикажани како должници во регистрите на трговски друштва). Постигната е доследност од 100 % помеѓу регистарот на Централната банка на Црна Гора (CBCG) и регистарот на трговски друштва. | јуни 2025 година |
| | | Јавни консултации и процени на влијанието на регулативата (примарно и секундарно законодавство). 100 % од новото законодавство подложи јавна консултација со деловните субјекти и граѓанските организации и локалните самоуправи. 100 % од новото законодавство подложи процена на влијанието на регулативата (RIA) пред јавните консултации. | декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Блокирани сметки на мали и средни претпријатија. Решавање на проблемот со мали и средни долгови и деблокирање на сметките на МСП (на пр. укинување мали долгови со рок на достасување над 24 месеци, намалување средновисоки долгови). Спроведување е-постапка за МСП да побараат намалување/укинување на долг помал од 5.000 евра. Цел: 80 % од малите трговски друштва со долг помал од 5.000 евра и рок на достасување од 24 месеци подложат брза и едноставна постапка за реструктуирање (вклучително отпишување на долгот и повторно отворање на нивната сметка). Воспоставен е Електронски систем за размена на информации за да се олесни ефикасното деблокирање на сметките на МСП од Централната банка на Црна Гора (CBCG). | декември 2026 година |
| | | Повратни информации за административните бариери за деловните субјекти. Јавната администрација ги започнува активностите за надминување на бариерите за деловното работење од административна природа, кои се евидентирани од Секретаријатот на Советот за конкурентност, вклучително и нови бариери, во рок од 6 месеци од нивното запишување во списокот. Предложените активности за нивно надминување, индикативните временски рокови и ажурирањата за напредокот му се доставуваат еднаш годишно на Секретаријатот на Советот за конкурентност и им се достапни на сите членови на Советот. | декември 2025 година |
| | | Е-регистрација за трговски друштва и е-плаќања. Целосно е достапна електронска регистрација за сите видови деловни субјекти. Воспоставени се севкупни предуслови за техничка интеграција на електронскиот регистар со Системот за интерконекција на бизнис регистри на ЕУ (BRIS). Целосно се достапни електронски плаќања на национални и локални такси, давачки, надоместоци и даноци | јуни 2026 година |
| | Подобрување на услугите е-катастар и просторно планирање | Донесување на Просторниот план на Црна Гора (од Собранието) | декември 2024 година |
| | | Ажурирање на земјишните регистри. Мигрирање на сите податоци од постојната база на податоци за сопственост на земјиштето во е-катастарот | декември 2025 година |
| | | Обезбедување функционалност на е-катастарот. Воведување нови онлајн-услуги за дистрибуција на катастарски податоци и документи, изменување на законските одредби за да се овозможи електронско поднесување барања, целосно спроведување на веб-апликацијата за електронско поднесување барања | декември 2025 година |
| | | Е-катастарот е точен и ажуриран за 100 % од недвижниот имот во земјата. | јуни 2027 година |
| | | Справување со дивоградбите. Собранието го донесе законското решение за поедноставената постапка за легализација на дивоградбите (вклучително здравје и безбедност, ажурирање на е-катастарот, оданочување, приклучување на мрежи за вода, електрична енергија, телекомуникации и собирање отпад) и Законот започна да се спроведува. Собранието го донесува до декември 2024 година. Процесот на легализација за најмалку 20.000 незаконски изградени објекти е завршен до декември 2027 година (почетна вредност: декември 2023 година) | декември 2027 година |
| | Реформирање на инспекциските служби. Зголемување на интегритетот, ефикасноста и успешноста на инспекциските служби и намалување на неформалната економија | Подобрување на правната рамка и справување со неформалната економија. Донесување и спроведување на измените на Законот за прекршоци, Законот за инспекциски надзор, Законот за спречување незаконска деловна активност, како и Кривичниот законик на Црна Гора, за да се зголеми инспекцискиот надзор на инспекторите (вклучително и правото на влез во станбени простории каде што постои сомневање дека се вршат нерегистрирани деловни активности), воведување жалбени постапки, укинување на нивните територијални овластувања, отфрлање на можноста за дискрециони одлуки и осигурување дека се исполнети предусловите за систематска борба против неформалната економија | декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Зголемување на ефикасноста на инспекциите. Трудовите и даночните инспекторати го зголемуваат бројот на инспекции за 50 % во однос на просекот од периодот 2020-2023 година. | декември 2026 година |
| | | Инспекциите се вршат врз начелото на секторски пристап врз основа на ризик. Најмалку 75 % од инспекциите се во економските сектори кои се чувствителни на сива економија (на пр. градежништво, коцкање, туризам и земјоделство). | декември 2027 година |
| | | Бројот на сите изречени казни се зголемува за 100 % во споредба со периодот 2020-2023 година | декември 2026 година |
| | | Спроведување на владината програма за сузбивање на неформалната економија: Постигнати се најмалку 75 % од поставените цели во акцискиот план за 2024-2026 година | јуни 2027 година |
| | | Подобрување на интегритетот во инспекциските служби. Воведен е задолжителен годишен анкетен лист за имотната состојба и изјава за конфликт на интереси за инспекторите кои подложат проверки од Агенцијата за антикорупција | декември 2024 година |
| Конкурентност на деловниот сектор | Распоредување дигитализиран товарен транспорт и интелигенти транспортни системи (ИТС) | Усогласување со Регулативата (ЕУ) 2020/1056 за електронски информации за товарен транспорт (eFTI) | декември 2025 година |
| | | Ратификување на меѓународната конвенција за патишта (eCMR) која е потребна за распоредување на eFTI | јуни 2026 година |
| | | Спроведување ITS рамки и стандарди за патишта и железници | декември 2026 година |
| | | Во функција е ITS на 62 километри од патната мрежа TEN-T | декември 2027 година |
| | Натамошен развој на екосистемот за истражување и иновации (R&I) за економија кој се темели на знаење (во согласност со Стратегијата за паметна специјализација) | За 50 % е зголемен бројот на финансирани чинители за истражување и развој (физички лица - истражувачи и иноватори и правни лица - научно-истражувачки институции, трговски друштва, кластери, невладини организации) во Националниот систем за истражување и развој, а влијанието се покажува преку подобрени бројки во статистичкото известување за истражување и иновации. | декември 2025 година |
| | | За 50 % е зголемен е бројот на трговски друштва кои ги користат услугите на иновативните центри/технолошките центри како резултат на нивниот објавен и јавно достапен список на услуги за трговските друштва | декември 2026 година |
| | | Трошоците за истражување и развој на деловниот сектор во ЦГ достигнуваат 15 % од просекот на ЕУ | јуни 2027 година |
| | | Трошоците за истражување и развој на јавниот сектор во ЦГ достигнуваат 35 % од просекот на ЕУ | јуни 2027 година |

| **Црна Гора - Зелена (енергија)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Реформи на пазарот на енергетика | Целосно спроведување на пакетот за интеграција на електрична енергија | Целосно транспонирање на пакетот за интеграција на електрична енергија во согласност со барањата на Енергетската заедница и продолжување на неговото спроведување | декември 2024 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Натамошно спроведување на пакетот за интеграција на електрична енергија од ОПС (TSO) и НЕМО (NEMO), приклучувајќи се на спојувањето на пазарот ден однапред со ЕУ | јуни 2026 година |
| | | Финализирање на спроведувањето на пакетот за интеграција на електрична енергија со спојување на пазарот на електрична енергија за тековниот ден | декември 2026 година |
| | Постепено приспособување на тарифите на нивоата за поврат на трошоците придружени со мерки за енергетска сиромаштија | Постепено намалување на јавната интервенција во одредувањето на цените за снабдување со електрична енергија во согласност со член 5 од Директивата 2019/944 за заеднички правила за внатрешниот пазар на електрична енергија | декември 2024 година |
| | | Спроведување мерки насочени кон заштита на енергетски сиромашни и ранливи потрошувачи, вклучително и развивање методологија за дефинирање енергетски сиромашни групи и алатки за нивно следење | јуни 2025 година |
| | | Цената на електричната енергија за домаќинствата ја одразува пазарната цена во согласност со најдобрите практики на ЕУ (на пр., поврзување на билатералните договори за снабдување помеѓу производителот и снабдувачот на електрична енергија со годишниот просек на пазарната цена ден однапред) како приоритет. | декември 2027 година |
| Политика за декарбонизација и изготвување механизам за одредување на цените на јаглеродот | Спроведување приоритетни политики и мерки од Националниот план за енергија и клима (NECP) | Оперативни се управните структури кои се надлежни да ги спроведуваат и следат активностите за праведна транзиција и имаат донесено план за обука и отворање работни места за луѓето вработени во рударството и производството на јаглен | јуни 2025 година |
| | | Основање центар за обука и шема за преквалификација и повторно вработување со цел спроведување на сеопфатната програма како и на други работни места во индустријата или услугите | декември 2026 година |
| | | Стапува на сила Законот за заштита од негативните влијанија на климатските промени и заштита на озонската обвивка согласно целта за климатска неутралност до 2050 година. | декември 2025 година |
| | | Најмалку 400 лица од кои 15 % жени се обучени според шемата за преквалификација и повторно вработување со цел спроведување на сеопфатната програма, како и на други работни места во индустријата или услугите. Основна вредност од декември 2024 година | декември 2027 година |
| | | Завршени се краткорочните мерки за развој на човечкиот капитал со цел преквалификација и повторно вработување во регионот со наоѓалишта на јаглен Плевља во согласност со акцискиот план за праведна транзиција. | декември 2026 година |
| | | 90 % од индивидуалните системи за греење во јавните згради и 70 % од индивидуалните системи за греење во приватните згради се префрлени од јаглен на чисто гориво. | декември 2027 година |
| | | 100 лица од кои 15 % жени се преквалификувани според основниот акциски план (пилот). Почетна вредност од декември 2024 година | декември 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Спроведување сеопфатна Програма за реновирање јавни и приватни згради во регионот со наоѓалишта на јаглен Плевља, нудејќи финансиски решенија за енергетска ефикасност и замена на фосилните системи за греење; | декември 2027 година |
| | Подобрување на националниот ETS систем со цел усогласување со Системот за трговија со емисии на ЕУ | Целосно спроведување на следење, известување, верификација и акредитација СИВА (MRVA) | декември 2025 година |
| Распоредување обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и загадување на воздухот | Развивање транспарентни, конкурентни постапки за распоредување обновливи извори на енергија и предвидување влез на нови економски оператори | Објавување 3-годишен план за аукција од најмалку 400 MW и отворање на првата аукција | јуни 2025 година |
| | Спроведување на Директивата за обновливи извори на енергија (дозволи, гаранции за потекло, просументи (потрошувачи-производители)) | Донесување законодавство во согласност со Директивата за обновливи извори на енергија (RED II), вклучително регулаторна рамка за просументи (потрошувачи-производители) и рационализирање на постапките за издавање дозволи (на пр. назначување единствена точка за контакт) | декември 2024 година |
| | | Операционализација на системот на гаранции за потекло | јуни 2025 година |
| | | Формирана и оперативна е една од енергетските заедници | јуни 2026 година |
| | Зголемување на капацитетот за производство на електрична енергија преку поголемо искористување на ОИЕ и поефикасно користење на постојните електрани | Инсталирани се најмалку 200 MW нови капацитети за обновлива енергија (сончева и ветерна) и поврзани се на мрежата во согласност со целите договорени во рамките на Енергетската заедница | јуни 2027 година |
| | Спроведување на законодавството за енергетска ефикасност и загадување на воздухот | Осигурување издавање Сертификати за енергетски карактеристики (во согласност со регулативата за Директивата за енергетски карактеристики на зградите (ДЕКЗ)) и изменување на релевантното законодавство за да се овозможи ефективно донесување одлуки за инвестиции во енергетска ефикасност за сопствениците на домови | декември 2024 година |
| | | Донесени се долгорочна стратегија за реновирање и акциски план и почнуваат да се спроведуваат со доградба на постојните јавни згради во согласност со годишната цел за реновирање од 3 % | јуни 2025 година |
| | | Донесување на Стратегијата за управување со квалитетот на воздухот 2024-2029 година, вклучително и развој/ажурирање на плановите за квалитет на воздухот за зони каде што се надминати граничните вредности за квалитетот на воздухот од Директивата за национални обврски за намалување на емисиите | декември 2025 година |
| | | Спроведување на регулативата за екодизајн за локално затоплување на просторот на цврсто гориво преку воспоставување ефективна инфраструктура за надзор на пазарот и воведување шема за замена за греењето во домаќинствата | декември 2026 година |
| | | Зголемување на годишната стапка на реновирање згради и улично осветлување во согласност со целите кои се договорени со Енергетската заедница за реновирање најмалку 60.000 квадратни метри | декември 2025 година |
| | | Зголемување на годишната стапка на реновирање згради и улично осветлување во согласност со целите кои се договорени со Енергетската заедница за реновирање најмалку 130.000 квадратни метри | декември 2026 година |
| | | Зголемување на годишната стапка на реновирање згради и улично осветлување во согласност со целите кои се договорени со Енергетската заедница за реновирање најмалку 200.000 квадратни метри | декември 2027 година |

| Црна Гора – Дигитализација | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Дигитализација | Безбедно распоредување широкопојасна инфраструктура, вклучително и 5G мрежи | Донесување Национален план за развој на широкопојасна инфраструктура од Владата | декември 2024 година |
| | | Усогласеност со Законот за Гигабит инфраструктура: воспоставено е законодавство (примарно и секундарно) за поставување безбеден информациски систем | декември 2025 година |
| | | Правилник како подзаконски акт на новиот Закон за електронски комуникации во согласност со алатката за кибербезбедност EU 5G | декември 2026 година |
| | | Безбедна широкопојасна инфраструктура и распоредување мрежа во руралните подрачја | декември 2027 година |
| | Е-потпис и распоредување Паричник за дигитален идентитет | Усогласеност со Резолуцијата за дигитален идентитет на ЕУ | декември 2025 година |
| | | Воведување Паричник за дигитален идентитет, вклучително како минимум: новата Регулатива за европски дигитален идентитет; Потпишување и спроведување на Договорот за меѓусебно признавање (MRA) на доверливи услуги со други земји од Западен Балкан; приклучување кон списокот на доверливи трети земји на ЕУ за валидација на електронски потписи како прв чекор кон Паричникот за дигитален идентитет на ЕУ; Учество во балканскиот Паричник за дигитален идентитет | декември 2026 година |
| | | Целосно воведување електронски идентификатори кои овозможуваат поврзување со дигиталните услуги на јавната администрација (вклучително даночни, социјални и образовни услуги) и целосно учество во Паричникот за дигитален идентитет на ЕУ - ID Wallet | декември 2027 година |
| | Давање дигитални јавни услуги кои се погодни за корисниците | Донесен План за целосно распоредување трансакциски јавни електронски услуги на национално и локално ниво 2025-2027 година од Владата (освен пилот услугите до 2024 година); функционална платформа за е-влада и интероперабилност на регистрите. | декември 2024 година |
| | | Законодавно усогласување со Директивата за отворени податоци; Распоредување јавни е-услуги врз основа на Планот (1. чекор) | декември 2026 година |
| | | Распоредување јавни е-услуги врз основа на Планот (1. чекор) | декември 2025 година |
| | | Распоредување јавни е-услуги врз основа на Планот (2. чекор) | декември 2027 година |
| | Кибербезбедност -- Поставување сеопфатна рамка за киберотпорност (воведување барања од Директивата NIS2 и зајакнување на релевантните институции) | Воспоставени се воведените рамки со усогласувањето со NIS2 (рамка за координирано откривање на ранливост (CVD)), рамка за управување со кризи) и истите се во употреба | декември 2025 година |
| | | Донесување на Законот за информациски системи од Собранието во целосна усогласеност со Директивата NIS2 | декември 2024 година |
| | | Воспоставување надлежен орган и список на субјекти. Оперативна е Агенцијата за кибербезбедност (дејствува како надлежен орган како што е дефинирано во Директивата NIS2): доволно екипирана, опремена со надзорни овластувања, врши надзорни проверки. Финализирање на списокот на субјекти во опсегот на националното законодавство што одговара на Директивата NIS2 | декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Оперативни се националните и владините компјутерски тимови за одговор при итни случаи (CERT) во согласност со барањата на NIS2 и постигнат е најмалку статус „акредитиран“ во мрежата TF CSIRT Trusted Introducer | декември 2025 година |

| **Црна Гора - Човечки капитал** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Вработливост, поддршка за активирање, социјални услуги | Надминување на неусогласеноста на пазарот на труд преку доживотното учење и зголемување на вработливоста на дипломираните студенти со практично учење преку работа, вклучително и за работни места во зелената и дигиталната економија | Учење преку работа во високото образование: 20 % од сите студенти (од кои околу 50 % жени) значително учат преку работа кај работодавците за време на нивното соодветно образование | декември 2025 година |
| | | Надградба и доусовршување на работната сила: Најмалку 7 % од возрасните на возраст од 25 до 64 години (од кои приближно 50 % жени) учествувале во процесот на учење во последните 12 месеци | декември 2026 година |
| | | Учење преку работа во стручното образование и обука (СОО) (VET): Најмалку 50 % од дипломираните студенти (од кои околу 40 % жени) од 3-годишните наставни програми за стручно образование и обука (СОО) (VET) значително (најмалку 25 % од програмата) учат преку работа кај работодавците за време на нивното соодветно образование | декември 2027 година |
| | | Донесен е нов модел за кариерно насочување и советување во рамките на Стратегијата за кариерно насочување и советување 2025-2030 година | декември 2025 година |
| | | Обучени се 800 советници за кариерно насочување во основните и средните училишта и универзитетите во согласност со новиот модел | декември 2027 година |
| | Зголемување на учеството на женската работна сила | Во фаза на спроведување се две програми за активни мерки на пазарот на труд (ALMM) кои конкретно се насочени кон жените, во контекст на воведување ревидирана методологија за родово таргетирање, во согласност со барањата на Европскиот социјален фонд (ЕСФ+) | декември 2026 година |
| | | Обезбедување квалитетна грижа за децата: Зголемување на капацитетите на јавно финансирана грижа за деца низ целата земја кои се достапни за деца за 1.800 нови места (во согласност со стандардите на правилниците), подеднакво распределени меѓу возрасните групи 0-3 и 4-6 години | декември 2026 година |
| | | Зголемување на бројот на квалификуван персонал за згрижување деца за 300 | декември 2026 година |
| | Реформирање на системот за социјална и детска заштита за поефективно, поефикасно и потранспарентно користење на јавните средства | Активирање корисници на материјална поддршка: Изменети се Законот за социјална и детска заштита и неговите придружни подзаконски акти за да се овозможи последователен премин од добивање материјална поддршка кон активирање на пазарот на труд | декември 2025 година |
| | | 500 (кумулативно) корисници на материјална поддршка (од кои приближно 50 % жени) учествуваа во активните мерки на пазарот на труд за нивно активирање на пазарот на труд во 2026 и 2027 година | декември 2027 година |
| | | Утврден е минимален пакет гарантирани социјални услуги и дефиниран е пристап кон нивно одржливо финансирање во Стратегијата за деинституционализација | јуни 2025 година |
| | | Еден единствен инклузивен и унифициран трансфер на готовина за лица со попреченост кој ги покрива сите права на даден корисник, а се обработува преку воспоставен електронски систем | декември 2027 година |
| | | Како чекор кон зајакнат пристап, во секоја општина, на граѓаните им се достапни најмалку три социјални услуги од оние опишани во Законот за социјална и детска заштита во согласност со нивните потреби (вклучително и како заедничка одредба во повеќе општини доколку е соодветно). Ниту една од овие три не може да поддржува институционализација | декември 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Сите парични надоместоци на национално ниво кои се однесуваат на социјална и детска заштита се воведуваат и пресметуваат преку надградениот Интегриран информациски систем за социјална заштита (e-social) | декември 2027 година |
| Образование и развој на вештини | Инвестирање во сите нивоа на образование | Започнати се тендерски постапки за изградба на или реновирање училишта, согласно потребите, за да се намали бројот на смени во повеќето основни училишта во пренаселените места од сегашните 5 смени на 3 до декември 2027 година | декември 2025 година |
| | | Обучени се 2.000 наставници за спроведување нови/ревидирани наставни програми во согласност со Стратегијата за развој на образованието 2025-2035 година | јуни 2027 година |
| | | Бројот на максимални смени во повеќето основни училишта во пренаселените места е намален од сегашните 5 смени на 3 | декември 2027 година |
| | | Бројот на матуранти кои се запишуваат на студиски програми за наставничка струка за СТЕМ на Универзитетот во Црна Гора е зголемен од 5 % на 10 % | декември 2026 година |
| | | Инклузија: Стапката на завршено основно училиште кај девојчињата и момчињата Роми и Египќани е зголемена на 90 %, додека на завршено средно училиште на 50 %, а стапката на премин во средно образование е зголемена за 25 % во споредба со учебната 2022/2023 година | декември 2027 година |
| | Дигитално образование: Надградба на концептот и наставните програми на Дигиталната академија надвор од јавната администрација и спроведување ширум целото општество на организиран и социјално инклузивен начин; Спроведување на Стратегијата за дигитализација на образовниот систем (2022-2027) и нејзините поврзани акциски планови | 2.000 наставници/учесници следеле обуки за дигитални компетенции согласно донесената Рамка за дигитални компетенции на наставниците. | декември 2025 година |
| | | 17 % од вкупниот број основни и средни училишта имаат EdTech центар, односно 25 % од учениците (од кои околу 50 % женски) имаат можност да го користат | јуни 2026 година |
| | | 34 % од вкупниот број основни и средни училишта имаат EdTech центар, односно 50 % од учениците (од кои околу 50 % женски) имаат можност да го користат | јуни 2027 година |
| | | 7.500 (кумулативно за целиот период) наставници/учесници следеле обуки за дигитални компетенции според донесената Рамка за дигитални компетенции на наставниците. | декември 2027 година |
| | | Во основните и средните училишта на 11 ученици има просечно најмалку по еден достапен технолошки уред (лаптоп, десктоп, таблет, ТВ, проектор). | јуни 2027 година |

| **Црна Гора - Фундаментални права и владеење на правото** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Демократија | Донесена е нова сеопфатна и хармонизирана правна рамка за спроведување избори од Собранието, во согласност со европските стандарди и постојните препораки на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)/Канцеларија за демократски институции и човекови права (ОДИХР), како и Советот на Европа. | Сеопфатен преглед на изборната правна рамка, спроведувајќи ги препораките на ОДИХР (2023) | декември 2025 година |
| | | Измени на Законот за избор на Претседател на Црна Гора | јуни 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Правосудство | Правосудството и јавното обвинителство се независни/автономни, непристрасни и одговорни и работат со интегритет и професионализам. | Назначување Претседател на Врховниот суд | декември 2024 година |
| | | Изменет е Уставот, во согласност со правото на ЕУ и европските стандарди за независност, одговорност, интегритет, непристрасност и професионалност на правосудството и јавното обвинителство, вклучително и примена на постојните препораки на Европската комисија, мислењата на Венецијанската комисија и препораките на Групата на држави против корупцијата на Советот (ГРЕКО). | јуни 2025 година |
| | | Целосно спроведување на системот на именување, оценување на успешноста и напредување на судиите и јавните обвинители во согласност со изменетиот Закон за Судскиот совет и судиите и Законот за државното јавно обвинителство | декември 2027 година |
| Борба против корупцијата | Ефикасно спроведување на законодавството за борба против корупцијата, вклучително и корупција на високо ниво, финансиски истраги и заплена и конфискација на имот, во согласност со правото на ЕУ, европските и меѓународните стандарди, вклучително и препораките на оценската мисија од 2022 година, како и препораките на ГРЕКО и ОБСЕ | Спроведување антикорупциска стратегија/акциски план: Изготвени се тестови за интегритет и доставени се во Царинската управа и Даночната управа - целта е да се опфати најмалку 30 % од персоналот | декември 2025 година |
| | | Зголемување на процентот на пополнети слободни работни места за 20 % - во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места - во надлежните судови за борба против корупцијата | декември 2025 година |
| | | Подобрени резултати во областа на истрагите, обвиненијата, правосилните пресуди, конфискацијата и конечната конфискација во случаи на корупција, вклучително и случаи на корупција на високо ниво. Покажан е севкупен пораст на бројот на истраги, потврдени обвиненија и пресуди, вклучително и случаи на корупција на високо ниво; покажано е зголемување на бројот и вкупната вредност на заплените, замрзнувањата на имот и конфискацијата на приноси од криминал; покажано е зголемување на самостојните финансиски истраги | јуни 2026 година |
| | | Подобрени резултати во областа на истрагите, обвиненијата, правосилните пресуди, конфискацијата и конечната конфискација во случаи на корупција, вклучително и случаи на корупција на високо ниво. Покажан е севкупен пораст на бројот на истраги, потврдени обвиненија и пресуди, вклучително и случаи на корупција на високо ниво; покажано е зголемување на бројот и вкупната вредност на заплените, замрзнувањата на имот и конфискацијата на приноси од криминал; покажано е зголемување на самостојните финансиски истраги, повторено | декември 2027 година |
| Фундаментални права и слобода на медиумите | Намалување на нивото на родово базирано насилство во Црна Гора | Врховниот државен јавен обвинител има воспоставено и следи стандардни оперативни постапки за јавното обвинителство во однос на постапувањето со случаите на сексуално и родово базирано насилство, во согласност со релевантните членови од Истанбулската конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, како и според Директивата на ЕУ за заштита на жртвите; Воведени се стандардни оперативни постапки за изрекување казни во случаи на сексуално и родово насилство, во согласност со новиот Кривичен законик | декември 2024 година |
| | | Единствената база на податоци за семејно насилство содржи најмалку 95 % од случаите на семејно насилство кои се пријавени во полиција или во канцелариите за социјална заштита; Црна Гора ги исполнува препораките од ГРЕВИО/Истанбулската конвенција за воспоставување три кризни центри за жртви на сексуално насилство во согласност со утврдените стандарди во конвенцијата (т.е. интегрирани здравствени, правни и психолошки услуги за жртвите) | декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ефективно спроведување на Законот за заштита на еднаквоста и забрана на дискриминација | Намален е бројот на претставки до Народниот правобранител и намален е бројот на инциденти пријавени од ГО за ЛГБТИК | декември 2025 година |
| | | Подобрена е евиденцијата за судско следење и конечни судски одлуки во предмети на дискриминација | декември 2026 година |
| | Ефикасно спроведување на препораките на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ) | Активности на органите за наводни случаи на малтретирање на приведени лица преку полициските сили и по претставки од затворениците; Подобрена е евиденцијата за суспензија на полициски службеници во случаи на наводно малтретирање; за да се прекине сегашната култура на неказнивост, МВР воспоставува СОП за законски дозволени постапки за испрашување полициски службеници и го оценува годишниот учинок на полициските службеници врз основа на истото;<br>Намален е бројот на претставки до Националниот превентивен механизам;<br>Зголемен е бројот на судски следења и осуди на затворски персонал во случај на малтретирање/тортура | декември 2025 година |
| | | Сите притвореници уживаат сеопфатен режим на структурирани активности надвор од ќелиите [работа, струка, образование, рекреација и спорт] | декември 2025 година |
| | | Зголемен е бројот на лекари по општа медицина во здравствениот дом Спуж | јуни 2026 година |
| | | Во функција се затворот во Мојковац, Специјалната затворска болница, новата затворска приемна кабина, повеќефункционалниот објект за потребите на Институт за извршување на кривични санкции (IECS) и затворот од отворен тип, а постојните објекти се реновираат и обновуваат | декември 2026 година |
| | | Позитивна оценка по следната периодична посета на Европскиот комитет за спречување на тортура (КПТ) | декември 2026 година |
| Борба против организираниот криминал | Подобрување на резултатите од истрагите, потврдените обвиненија и конечните пресуди во случаи на организиран криминал (вклучително перење пари, компјутерски криминал, шверц на цигари, оружје и дрога, трговија со луѓе, вклучително случаи на сексуална и трудова експлоатација) | Оперативните капацитети да се проценат во два чекора, вклучително: зголемување на бројот на службеници во Специјалниот полициски оддел кој е одговорен за областите шверц со цигари и перење пари; зголемување на бројот на криминалистички полицајци кои се ангажирани во борбата против дрогата на централно и регионално ниво; зголемување на бројот на криминалистички полицајци кои се ангажирани во борбата против шверцот на оружје и експлозивни материи; зголемување на бројот на криминалистички полицајци на регионално ниво, кои би биле одговорни само за кривични дела трговија со луѓе. | декември 2026 година<br>јуни 2027 година |
| | | Поврзување и пристап до базите на податоци на Управата за приходи и Царината и другите државни органи со кои соработува Специјалното јавно обвинителство | јуни 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Покажан е севкупен пораст на бројот на истраги, потврдени обвиненија и пресуди, вклучително и случаи на корупција на високо ниво; покажано е зголемување на бројот и вкупната вредност на заплените, замрзнувањата на имот и конфискацијата на приноси од криминал; покажано е зголемување на самостојните финансиски истраги (јуни, 2026 година), да се повтори | јуни 2026 година<br>декември 2027 година |
| Визна политика | Усогласување на визната политика со списокот на земји од ЕУ за кои е потребна виза, особено во однос на земјите кои носат ризик од нелегална миграција или безбедносен ризик за ЕУ | Црна Гора остварува интероперабилност меѓу нејзините системи и бази на податоци што се користат во сегашниот систем за одобрување визи | декември 2025 година |
| | | Црна Гора, во втора фаза, започнува да работи на собирање биометриски податоци (во поглед на идното пристапување во Шенген зоната) | декември 2026 година |
| | | Раскинување на договорите за безвизен режим со земјите (најмалку еден годишно) за кои е потребна виза за ЕУ. | декември 2024 година<br>декември 2025 година<br>декември 2026 година<br>декември 2027 година |
| | | Воведување дополнителни безбедносни мерки со цел да се раскинат останатите договори за безвизен режим со земјите за кои ЕУ бара виза за влез. | јуни 2027 година |

## Северна Македонија

<table>
<tr><th colspan="4">Северна Македонија - Реформа на јавната администрација</th></tr>
<tr><th>Подобласт</th><th>Реформа</th><th>Услови за плаќање (чекор)</th><th>Рок</th></tr>
<tr><td rowspan="10">Управување со јавни финансии</td><td rowspan="4">Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола</td><td>Собранието го донесе Законот за ЈВФК</td><td>декември 2024 година</td></tr>
<tr><td>Целосно спроведување на Законот за ЈВФК (PIFC), вклучително и: i) Најмалку 80 % од единиците за внатрешна ревизија на матичните буџетски корисници ги исполнуваат условите за персонал утврдени во Законот за ЈВФК (PIFC); ii) Минимум 70 % од внатрешните ревизори се сертифицирани.</td><td>декември 2027 година</td></tr>
<tr><td>Најмалку 80 % од буџетските корисници на централно ниво и 75 % на локално ниво поднесуваат извештај за извршените внатрешни ревизии [поврзани со фискалната 2024 година]</td><td>декември 2025 година</td></tr>
<tr><td>Минимум 70 % од матичните буџетски корисници на централно ниво имаат документ за управување со ризици, вклучително и антикорупциските ризици и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување</td><td>декември 2025 година</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Зајакнување на системот за јавни набавки</td><td>Употребата на аукции за јавни набавки во фискалната 2025 година се намали на максимум 40 % од јавните набавки</td><td>декември 2025 година</td></tr>
<tr><td>Системот за е-пазар се користи за спроведување на најмалку 800 постапки за јавни набавки во фискалната 2026 година</td><td>декември 2026 година</td></tr>
<tr><td>Најмалку 25 % од јавните набавки со вредност ги користат критериумите за економски најповолна понуда (ЕНП) како најдобар соодност цена-квалитет или најекономичен пристап за доделување</td><td>декември 2027 година</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Целосно спроведување на Законот за буџетите од 2022 година, вклучително и предвидените реформи во управувањето со јавни инвестиции</td><td>Донесување најмалку 17 подзаконски акти предвидени во Законот за буџетите, вклучително и формирање регистар на јавни субјекти (член 4), ревизија на буџетската класификација (член 5) и намалување на бројот на примарните („матични“) буџетски корисници за најмалку 40 % во административната класификација и Уредбата за управување со јавни инвестиции (член 20)</td><td>декември 2024 година</td></tr>
<tr><td>Зголемен аналитички капацитет за подобрување на ефикасноста во буџетските алокации: Министерството за финансии изврши прегледи на расходите кои опфаќаат најмалку 20 % од буџетот (кумулативен број од почетокот на Планот за раст. Почетната вредност е 0)</td><td>декември 2026 година</td></tr>
<tr><td>Реформите предвидени во ЗБ (OBL) се целосно спроведени:<br>I. примена на фискалните правила во согласност со ЗБ (OBL) за периодот 2025-2027 година;<br>II. целосно оперативен е Фискален совет кој има обезбедено независни процени за Фискалната стратегија и годишните буџети, вклучително и следење на усогласеноста со фискалните правила,<br>III. Оперативен е сеопфатен регистар на ризици, вклучително и ефикасни системи за следење на ризиците од претпријатијата во државна сопственост, големите капитални проекти и ЈПП, климатските промени и правните побарувања против државата.<br>IV. Фискалната стратегија за 2028-2031 година е навремено поднесена во согласност со барањата од ЗБ (OBL), вклучително и анализа на фискалните ризици и горните граници за матичните буџетски корисници за 5 години, како и процена на даночните расходи.</td><td>декември 2027 година</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Воспоставена е и во функција е Единствена листа на проекти за сите капитални проекти без оглед на изворите на финансирање | декември 2027 година |
| | | Сите буџетски корисници изготвија и поднесоа до Министерството за финансии проектни концептни белешки за нови јавни инвестициски проекти во согласност со Уредбата за УЈИ (PIM) | декември 2026 година |
| | | Развиено привремено ИТ-решение на соодветно ниво кое ќе му обезбеди на Министерството за финансии база на податоци за проекти од која ќе се избираат буџетските кандидати и ќе се следи финансиското спроведување на проектите | декември 2025 година |
| Реформа на јавната администрација | Реформа за реорганизација | Донесување на Законот за организација и работа на органите на државната управа | јуни 2025 година |
| | | Хармонизација на 65 секторски закони со кои се основаат органите на државната управа со новиот Закон за организација и работа на органите на државната управа | декември 2026 година |
| | | Завршување на реформата за реорганизација на државната управа<br>I. Разјаснети линии на отчетност и известување меѓу министерствата и подредените органи.<br>II. Разјаснети овластувања за секој постоен орган на државната управа и разјаснети одговорности, притоа елиминирајќи го дуплирањето, за креирање политики, спроведување и примена на политики, оценување и известување. | декември 2027 година |
| | Реформа на јавната служба | Донесување закони и подзаконски акти за да се зголеми мотивацијата на персоналот и да се намали одливот на кадарот, да се овозможи побрз напредок во кариерата заснован на заслуги, регрутирање со оценка што одговара на квалификациите и претходното работно искуство на кандидатите, олеснување на подоцнежното унапредување, подобрување на работните услови, т.е. флексибилни работни аранжмани, промовирање мобилност, можности за работа од далечина, итн. Ќе се објавуваат податоци за основи за отпуштање јавни службеници за 100 % од отпуштањата. | декември 2025 година |
| | | Воспоставен е нов систем на плати со соодветна класификација на работните места | декември 2026 година |
| | | Најмалку 90 % од испразнетите раководни позиции (директори и секретари) годишно се пополнуваат по конкурентна и транспарентна постапка за регрутирање, вклучително и осигурување дека за секоја од овие постапки за регрутирање има најмалку 3 подобни кандидати | декември 2025 година |
| | | Спроведена тековна реформа на јавната служба, што резултира со намалување на вкупниот број заминувања [лица кои дале отказ] од администрацијата за 60 % | декември 2026 година |
| | | Спроведена е тековна реформа на јавната служба што резултира со:<br>I. Максимум 10 % од вкупниот број на високи позиции се заземени од високи раководители.<br>II. Најмалку 45 % од вработените земаат плата според новиот систем на плати.<br>III. Ниту еден вработен во јавната служба не зема плата без да се појави на работа. | декември 2027 година |

| Северна Македонија - Зелена (Енергија) | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Пазарни реформи | Усогласување со пакетот за интеграција на електрична енергија за да се овозможи спојување на пазарот на електрична енергија на ЕУ и Северна Македонија: воспоставување на пазарот на електрична енергија ден однапред, операционализирање на пакетот во согласност со планот за интеграција на операторите за спојување на пазарот до крајот на 2025 година. | Целосно транспонирање на пакетот за интеграција на електрична енергија и продолжување на неговото спроведување, во согласност со барањата на Енергетската заедница. | декември 2025 година |
| | | Продолжување со спроведувањето на пакетот за интеграција на електрична енергија од Операторот на преносниот систем (ОПС) и номинираните оператори на пазарот на електрична енергија (НЕМО), приклучувајќи се на спојувањето на пазарот ден однапред со европскиот пазар, во согласност со барањата на Енергетската заедница | декември 2025 година |
| | Постепено приспособување на цената на електричната енергија на пазарно ниво придружено со мерки за справување со енергетската сиромаштија | Постепено намалување на јавната интервенција во одредувањето на цените за снабдување со електрична енергија во согласност со член 5 од Директивата 2019/944 за заеднички правила за внатрешниот пазар на електрична енергија: Намалување на интервенцијата во одредување на цената на 70 % | јуни 2025 година |
| | | Постепено намалување на јавната интервенција во одредувањето на цените за снабдување со електрична енергија во согласност со член 5 од Директивата 2019/944 за заеднички правила за внатрешниот пазар на електрична енергија: Намалување на интервенцијата во одредувањето на цените на 50 % | јуни 2026 година |
| | | Постепено намалување на јавната интервенција во одредувањето на цените за снабдување со електрична енергија во согласност со член 5 од Директивата 2019/944 за заеднички правила за внатрешниот пазар на електрична енергија: Намалување на интервенцијата во одредувањето на цените на 30 % | јуни 2027 година |
| | | Спроведување мерки насочени кон заштита на ранливите потрошувачи со воспоставена методологија за мерење на нивоата на енергетска сиромаштија. | декември 2025 година |
| Декарбонизација | Спроведување климатски и енергетски политики и мерки како што е предвидено во Националниот план за енергија и клима (НПЕК) | Структурите на управување предвидени во Патоказот за праведна транзиција се оперативни и го одобрија годишниот план за спроведување за 2025 година. | декември 2024 година |
| | | Краткорочните мерки за развој на човечкиот капитал кои се фокусираат на преквалификација и повторно вработување на работната сила во регионите на јаглен во Битола и Осломеј/Кичево се завршени во согласност со Патоказот за праведна транзиција; преквалификувани 550/100 вработени во електраните во Битола/Кичево; 300/50 вработени во моментов во електраните во Битола/Кичево повторно се вработени | декември 2026 година |
| | | Среднорочните мерки за развој на човечкиот капитал кои се фокусираат на преквалификација и повторно вработување на работната сила во регионите на јаглен во Битола и Осломеј/Кичево се завршени во согласност со Патоказот за праведна транзиција; преквалификувани 300/50 вработени во електраните во Битола/Кичево; 230/50 вработени во моментов во електраните во Битола/Кичево повторно се вработени. | декември 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Обновливи извори | Распоредување обновливи извори на енергија: Спроведување на Директивата за обновливи извори на енергија (дозволи, гаранции за потекло, енергетски заедници) и транспарентни и конкурентни постапки за распоредување обновливи извори на енергија | Платформата за тргување со гаранции за потекло е целосно оперативна и тргувањето со гаранции за потекло се одвива. | јуни 2026 година |
| | | Намалување на временскиот период кој поминал од поднесувањето на барањето до издавањето на дозволата за 18 месеци за големи инсталации, цел на почетната вредност е 3,5 години во 2022 година | јуни 2026 година |
| | | Намалување на временскиот рок кој поминал од поднесувањето на барањето до издавањето на дозволата за 6 месеци за домаќинствата, јавните згради и малите потрошувачи, цел на почетната вредност е 12 месеци во 2022 година | јуни 2026 година |
| | | Најмалку 0,8 GW нови капацитети за обновлива енергија (соларна и ветерна) инсталирани во согласност со НПЕК и целите договорени во рамките на Енергетската заедница. | јуни 2027 година |
| Донесување Систем за тргување со емисии (ЕТС) | Работење на цените на јаглеродот со цел воспоставување ЕТС до 2030 година: развој, донесување и целосно спроведување на пакетот за следење, известување и верификација (СИВ). | Целосно спроведување на следење, известување и верификација и акредитација (СИВА) [MRVA] | декември 2025 година |
| Енергетска ефикасност и загадување на воздухот | Спроведување на енергетските карактеристики на зградите и директивите за енергетска ефикасност | I. Издадени сертификати за енергетски карактеристики за сите новоизградени згради [2026 година] – [декември 2026 година];<br>II. Број на сертификати за енергетски карактеристики издадени за згради и градежни единици кои подложеле на големо реновирање, продажба или закуп - најмалку 30 % | декември 2026 година |
| | | Донесување тригодишен План за реновирање на зградите на централната влада усогласен со годишната цел за реновирање од 3 %. | јуни 2025 година |
| | | За мерење и наплата врз основа на потрошувачка на поединечно ниво, поединечни броила ќе се инсталираат онаму каде што е технички изводливо и исплатливо во смисла да се пропорционални во однос на заштедата на енергија во согласност со Директивата 2023/955, - за сите новоизградени згради | декември 2025 година |
| | | За мерење и наплата врз основа на потрошувачка на поединечно ниво, поединечни броила ќе се инсталираат онаму каде што е технички изводливо и исплатливо во смисла да се пропорционални во однос на заштедата на енергија во согласност со Директивата 2023/955, - до 30 згради од постојниот градежен фонд | декември 2027 година |
| | | Реновирана подна површина: 89.000 квадратни метри | декември 2027 година |
| | | Улично осветлување: 81 општина го реновира уличното осветлување | јуни 2027 година |

| Северна Македонија - Дигитализација | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Кибербезбедност | Поставување сеопфатна рамка за киберотпорност (воведување барања од Директивата NIS2 и зајакнување на релевантните институции) | Донесување и спроведување законодавна рамка за кибербезбедност која е целосно усогласена со политиката на ЕУ за кибербезбедност и правото на ЕУ за кибербезбедност, т.е. Законот за безбедност на мрежи и информациски системи и ажурираната стратегија за кибербезбедност. | јуни 2025 година |
| | | Оперативни национални и владини CERT во согласност со барањата на NIS2 и со профил на зрелост според моделот SIM 3 за членство во FIRST. | јуни 2026 година |
| | | Надлежниот орган во рамки на значењето на Директивата NIS2 е оперативен: доволно екипиран, опремен со надзорни овластувања, врши надзорни проверки. Финализирање на списокот на субјекти во опсегот на националното право согласно Директивата NIS2 | јуни 2026 година |
| | | Рамките воведени со усогласувањето со NIS2 (рамка за CVD, рамка за управување со кризи) се воспоставени и се во употреба. | декември 2026 година |
| Дигитализација | Воведување безбедни дигитални инфраструктури | Донесување на новиот Закон за електронските комуникации, усогласување на националното законодавство за да се усогласи со правото на ЕУ и Законот за Гигабит инфраструктура, по неговото влегување во сила во ЕУ | јуни 2025 година |
| | | Развивање безбедна мрежна инфраструктура за администрацијата (Спроведување физибилити студија за развој на централизирана владина дигитална инфраструктура и за безбеден центар и складирање податоци во облак за да се осигури отпорност на системот на јавната администрација, итн. Воспоставен е систем на опоравување од катастрофи со заштитни системи на ИТ-базите на податоци на други институции) | декември 2027 година |
| | | Усогласеност со алатката за кибербезбедност EU5G: Подзаконскиот акт за безбедност за 5G е целосно спроведен и воведен од 5G мрежата и услугите според националната стратегија за широкопојасен интернет (стручност развиена од независниот орган задолжен да ја води аукцијата; започнување и завршување на 5G аукцијата, вклучително и доделување фреквенции на успешните наддавачи) | декември 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Дигитализација на јавните услуги | Усогласување со Регулативата за дигитален идентитет на ЕУ и Регулативата за eIDAS2 со донесување ажуриран Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, вклучително и усогласеност со новата Регулатива за дигитален идентитет на ЕУ, со која се ревидира Регулативата за eIDAS. | јуни 2025 година |
| | | Приклучување кон списокот на доверливи трети земји на ЕУ за валидацијата на електронски потписи како напредна електроника во ЕУ како прв чекор кон следење меѓусебно признавање на квалификувани доверливи услуги; Достапни доверливи услуги и отпочнување на издавање квалификувани сертификати; Осигурување на спроведувањето услуги за е-идентитет и е-потпис за граѓаните и бизнисите. | декември 2025 година |
| | | Воспоставување инфраструктура за складирање податоци и е-платформа за водење евиденција и архивско работење | јуни 2026 година |
| | | Донесување законодавство за да се овозможи архивирање електронски документи | јуни 2025 година |
| | | Воспоставување единствен систем за управување со документи за сите институции на централно ниво | декември 2026 година |
| | | Спроведување Паричник за дигитален идентитет, вклучително како минимум: новата Регулатива за европски дигитален идентитет; Потпишување и спроведување на Договорот за меѓусебно признавање (MRA) на доверливи услуги со други земји од Западен Балкан; Учество во балканскиот Паричник за дигитален идентитет | декември 2027 година |
| | Проширување на понудата на јавни е-услуги понудени преку владината е-платформа и поедноставување на административните и електронските постапки. | Зголемување на понудата на е-услуги за 50 % (подобри јавни услуги, т.е. фискален, здравствен сектор) | јуни 2027 година |
| | | Поедноставување на административните и електронските постапки (подобрување на размената на податоци меѓу институциите, обезбедување документи по службена должност, ограничување на бројот на барања за секоја услуга) за сите услуги кои се достапни онлајн | јуни 2027 година |

| **Северна Македонија - Човечки капитал** | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобласт** | **Реформа** | **Услови за плаќање (чекор)** | **Рок** |
| Образование и вештини | Зајакнување на образовниот систем за да се надмине неусогласеноста на вештините, да се зголеми пристапот до и квалитетот на СОО (VET) и да се подобри пристапот до учење преку работа и дуално образование (вклучително вклученост на приватниот сектор). | Реновирани, опремени и целосно функционални 4 нови Регионални центри (почетна вредност за 2024 година – покрај 3-те постојни – во Куманово, Охрид и Тетово преку ЕУ за млади): | декември 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Удел од основните и средните училишта што имаат најмалку еден кариерен советник [почетната вредност за 2023 година– 0 – воведување во новиот Закон за средното образование]: 95 % | јуни 2026 година |
| | | Број на приватни компании вклучени во дуално образование: 700 | декември 2026 година |
| | | 3.000 ученици од кои најмалку 30 % жени во стручно образование стекнато по формален пат – (СОСФП) (IVET) имаат корист од изложеноста на учење преку работа за време на нивното стручно образование и обука | јуни 2027 година |
| | | Бројот на ученици [315 женски] запишани во новите образовни програми што ги нудат Регионалните центри за стручно образование и обука изнесува 700 | декември 2026 година |
| | Зголемување на учеството во образованието на возрасните и подобрување на валидацијата на неформалното и информалното учење | Бројот на возрасни лица од кои најмалку 30 % жени кои се здобиле со квалификации врз основа на постапката за завршени програми со валидација на неформалното и информалното учење (почетна вредност за 2024 година– 5) изнесува 500. | декември 2027 година |
| | | Број на развиени програми во областа на СОО (VET) за валидација на неформалното и информалното учење: 16 од кои 2 за жени [една за женско претприемништво] | јуни 2027 година |
| | Подобрување и осигурување квалитет на средното и високото образование | Спроведување нова методологија за финансирање во средното образование и СОО (VET) применета при изготвувањето на националниот буџет за 2027 година | декември 2026 година |
| | | 90 % од акредитираните јавни и приватни високообразовни институции имаат целосно функционални системи за обезбедување квалитет (внатрешни и надворешни) и објавуваат извештаи за обезбедување квалитет, наведувајќи најмалку 80 % усогласеност со стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европската област на високото образование (ESG2015). | декември 2027 година |
| | Осигурување ефикасна, кохерентна и инклузивна дигитална трансформација на образованието преку интегрирање подобрени дигитални вештини во земјата | 95 % од наставниците учествуваат во континуиран професионален развој фокусиран на дигитални и зелени вештини | декември 2027 година |
| | | Донесена е ревидирана наставна програма за средното образование која ја интегрира Европската рамка за дигитални компетенции; 50 % од оценките на средните училишта спроведуваат ревидирани наставни програми | декември 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Зголемување на ефикасноста преку рационализација на мрежата основни училишта и воспоставување „паметни“ основни училишта со ИТ-алатки и интернет-инфраструктура, како и осигурување нивна оперативност („паметни“ како што е интегрирањето на дигиталните технологии во наставата и управувањето со училиштата, вклучително и комуникација со семејствата, интерактивно учење на далечина) | Спроведување нова методологија за финансирање во основното образование применета при изготвувањето на националниот буџет за 2026 година | декември 2025 година |
| | | Број на основни училишта опремени со интернет-пристап и ИТ-алатки [број/удел на засегнати основни училишта; број на опфатени ученици и наставници]: 160 училишта [44 % од училиштата] | декември 2025 година |

**Северна Македонија - Развој на приватниот сектор**

| Подобласт | Реформа | Услови за плаќање (чекор) | Рок |
|---|---|---|---|
| Деловно опкружување | Справување со неформалната економија како поддршка на неодамна донесената Стратегија за формализирање на неформалната економија | Зголемен е бројот на инспекции на Државниот инспекторат за труд за 40 % и на Пазарниот инспекторат за 30 % во однос на просекот од периодот 2020-2023 година. Инспекциите се вршат врз начелото на секторски ризик кој се фокусира на градежништвото, туризмот и земјоделството | декември 2027 година |
| | | Зголемен е бројот на инспекции на Државниот инспекторат за труд за 20 % и на Пазарниот инспекторат за 15 % во однос на просекот од периодот 2020-2023 година. Инспекциите се вршат врз начелото на секторски ризик кој се фокусира на градежништвото, туризмот и земјоделството | јуни 2025 година |
| | | Мапирани се 100 административни постапки кои се избрани согласно начелото на зачестеност и релевантност, во однос на работењето на МСП и најмалку 50 % од мерките за половина ги намалиле чекорите, времетраењето на постапката и потребната документација | декември 2025 година |
| | | Воведување систем за рано предупредување за препознавање на можните тешкотии на трговските друштва | јуни 2026 година |
| | | Воспоставување гарантен механизам за гарантирање исплата на неподмирените побарувања на вработените кои произлегуваат од договорите за вработување или работните односи по престанок на работните односи | декември 2026 година |
| | | Намален е бројот на неформално вработени во вкупниот број вработени, според Државниот завод за статистика, за 20 % до 2025 година | декември 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Намален е бројот на неформално вработени во вкупниот број вработени, според Државниот завод за статистика, за 40 % до 2027 година | декември 2027 година |
| | | Неформалната економија како % од БДП (индикатор на Светска банка) е намалена на 26 % од БДП | декември 2027 година |
| | Потранспарентен и поефикасен режим на државна помош | Воспоставена методологија за спроведување истраги по службена должност, врз основа на секторски ризик, меѓусекторско таргетирање по случаен избор, земајќи го предвид доделувањето случаи од над 200.000 евра по трговско друштво. Најмалку 2 истраги по службена должност, по случаен избор, врз основа на ризик, ќе се спроведуваат по квартал | јуни 2026 година |
| | | Воспоставена методологија за спроведување истраги по службена должност, врз основа на секторски ризик, меѓусекторско таргетирање по случаен избор, земајќи го предвид доделувањето случаи од над 200.000 евра по трговско друштво. Најмалку 4 истраги по службена должност, по случаен избор, врз основа на ризик, ќе се спроведуваат по квартал | јуни 2027 година |
| | | Преиспитување на програмите за државна помош и постепено укинување на оние кои не се усогласени со правото на ЕУ за државна помош; Предуслов: Сите модули на САМИС (SAMIS) се целосно оперативни | јуни 2026 година |
| | | Осигурување самоодржливост и независност на Комисијата за заштита на конкуренцијата со воспоставување методологија што ѝ овозможува да стекне сопствени ресурси за финансирање на нејзината активност, имено со наплаќање надоместок за примателите на услуги, на пр. надоместок за спојување: i) КЗК покрива 50 % од нејзините трошоци од сопствените ресурси. | декември 2026 година |
| | | Осигурување самоодржливост и независност на Комисијата за заштита на конкуренцијата со воспоставување методологија што ѝ овозможува да стекне сопствени ресурси за финансирање на нејзината активност, имено со наплаќање надоместок за примателите на услуги, на пр. надоместок за спојување: ii) КЗК покрива 100 % од нејзините трошоци од сопствените ресурси. | декември 2027 година |
| | | Според потребите за обука, доволен број судии се специјализирани преку модули за обука во постапката за ЗКП (Законот за кривична постапка) и правото на ЕУ со цел да се зголеми експертизата за државна помош во судовите. Опсежен модул за обука за правилата за државна помош во ЕУ што суштински го опфаќа правото на ЕУ, вклучително и клучната судска практика обезбедена од обучувач со значително искуство и експертиза во оваа област. | декември 2025 година |
| | Поттикнување развој на МСП преку донесување и спроведување на новата стратегија за МСП | Врз основа на претходното мапирање на 377 давачки и препораките од поврзаниот проект за техничка помош финансиран од ЕУ, оптимизирани се 28 такви давачки | јуни 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Воспоставување дигитален јавен регистар за мапирање на сите трошоци и воспоставување единствена и сеопфатна методологија која ќе осигури негово редовно ажурирање и синхронизација со интерфејсот на е-порталот. Сите новодонесени парафискални давачки и неданочни плаќања за периодот 2025-2027 година ја следат единствената методологија, начелото на пропорционалност помеѓу надоместоците и трошоците на услугата и начелото на централизиран орган кој дејствува како контролор и краен одобрувач.<br>[До крајот на 2025 година треба да се воспостави новата единствена методологија за да се овозможи процена на периодот 2025-2027 година] | декември 2027 година |
| | | Олеснување на пристапот до заеми за МСП со измена на релевантното законодавство за да се овозможи користење нематеријални средства како колатерал при кредитирањето на МСП | јуни 2025 година |
| | | Олеснување на пристапот до заеми за МСП со проширување на издадените гаранции според државните кредитно-гарантни шеми (КГШ) (CGSs) за 24 %, во споредба со декември 2023 година и зголемување на бројот на МСП кои имаат корист од КГШ (CGSs) за 23 %, во споредба со декември 2023 година | јуни 2026 година |
| | | Олеснување на пристапот до заеми за МСП со проширување на издадените гаранции според државните кредитно-гарантни шеми (КГШ) (CGSs) за 40 %, во споредба со декември 2023 година и зголемување на бројот на МСП кои имаат корист од КГШ (CGSs) за 35 %, во споредба со декември 2023 година | декември 2027 година |
| | | Спроведување темелно истражување за тековното користење лизинг од МСП и законските одредби, воведување на потребните измени за да се поттикне користењето лизинг како опција за финансирање | јуни 2026 година |
| | Поддршка на развојот на иновацискиот екосистем преку спроведување на Стратегијата за паметна специјализација | Воведување систем за совпаѓање помеѓу малите и средни претпријатија и финансирањето на ЕСИ/ЕИТ (EIC/EIT) со кофинансирање од ФИТР (FITD) во приоритетните области на Стратегијата за паметна специјализација (СПС) [SSS], вклучително и паметно земјоделство и храна со повисока додадена вредност, Електро-машинска индустрија - Индустрија 4.0, ИКТ. | декември 2025 година |
| | | 50 трговски друштва имаат придобивки од услугите на 2 новоформирани центри за иновации/технолошки центри /центри за извонредност (ЦИ)/ЦДИ/НКТТ ([CoE]/DIH/NTTO), како резултат на нивниот јавно објавен список на услуги за трговските друштва | декември 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Реформа на управувањето со претпријатијата во државна сопственост со фокус на железничките и поштенските услуги | Измена на Законот за трговски друштва за воведување нови правила за назначување независни членови на одбори на трговски друштва во државна сопственост | декември 2024 година |
| | | Со новиот Закон за трговски друштва во државна сопственост се воспоставува систем за поврзување на надоместоците на независните членови на одбори со финансиските перформанси и ефикасноста на трговските друштва во државна сопственост врз основа на задолжителните годишни финансиски извештаи и клучните показатели за успешност (КПУ) поврзани со финансиските перформанси, испораката на услуги. ТДДС (SOCs) ќе воспостават независни функции за управување со ризик и внатрешна ревизија следејќи ги начелата на БКБС (BCBS), а трговските друштва во државна сопственост и претпријатијата во државна сопственост треба да дадат нивна изјава за фискален ризик. | јуни 2026 година |
| | | Донесување план за реструктуирање на АД Пошта до јануари 2025 година и спроведување до декември 2027 година - подобрување на ефикасноста во испораката на услуги и намалување на трошоците за 15 % и подобрување на индикаторите за профитабилност за 15 % | декември 2027 година |
| | | Зголемувања на сообраќајните индикатори за превезените стоки, по планот за реструктуирање на операторот на железницата во државна сопственост и управителот на железничката инфраструктура: ii) Тони по километар стоки [почетна вредност 2023 година – 238.780t/km, цел 2027 година – 274.597t/km] | декември 2027 година |
| | | Зголемување на показателите за сообраќај за превезени патници, по планот за реструктуирање за оператор на железница во државна сопственост и управител на железничка инфраструктура:<br>iii) Број на патници (почетна вредност 2023 година – 280.440 патници/годишно, цел 2027 година – 322.506 патници/годишно) | декември 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Спроведување план за реструктуирање за операторот на железницата во државна сопственост и управителот на железничката инфраструктура, со цел да се избегне работењето со загуба од фискалната 2027 година па натаму: i) Нето-оперативниот приход е 0 или позитивен за фискалната 2027 година, вклучително и зголемување на приходите [почетна вредност 2023 година - негативно, цел 2027 година - 0 или позитивно, зголемување на приходите] | декември 2027 година |
| | | Донесување на Планот за реструктуирање на операторот на железницата во државна сопственост и управителот на железничката инфраструктура до јануари 2025 година | јуни 2025 година |
| | | 100 % од новите членови на одборот на ТДДС (SOC) се бираат во отворени и независни процеси и процеси кои се темелат на заслуга. 100 % од постојните членови на одборот подложат повторна процена. Сите трговски друштва во државна сопственост и претпријатија во државна сопственост ги објавија годишните финансиски извештаи. 70 % од трговските друштва во државна сопственост и претпријатијата во државна сопственост ја издадоа нивната изјава за фискален ризик | декември 2026 година |
| | | Донесување Стратегија за државна сопственост и нов Закон за трговски друштва во државна сопственост | декември 2025 година |
| | | Создавање регистар на ПДС (SOE) и трговски друштва со учество на државата кој е јавно достапен | јуни 2025 година |
| | Проширување на користењето на услугите на Е-Царина за економските оператори и намалување на трошоците и зголемување на ефикасноста на царинските постапки | Спроведувањето на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) [NCTS] фаза 6 резултира со придобивки и подобрувања во транзитната постапка: Намалување на времето за 2-5 %, зголемување на транзитните декларации во однос на НКТС (NCTS) фаза 4 и НКТС (NCTS) фаза 5 за 2-5 % и зголемување на бројот на меѓународните декларации за транзит во однос на домашниот транзит за 10 %. | јуни 2026 година |
| | | Со спроведувањето на новиот автоматизиран извозен систем за царина, се подобрува постапката за контрола на извозот: Процена на придобивките како што се намалување на времето за 2-4 %, зголемување на бројот на поедноставени извозни декларации во однос на редовните царински декларации и во однос на претходните три години за 10 %, зголемување на бројот на одобренија за овластени извозници во однос на претходните три години за 10 %; | јуни 2027 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Спроведениот нов систем за контрола на увозот води до подобрена постапка за контрола на увозот: процена на придобивките како што е намалување на времето за 2-4 % и зголемување на процената на ризикот што одговара на резултатите за 8 % | декември 2027 година |
| | Распоредување Интелигентни транспортни системи (ИТС) и е-товарен транспорт | Спроведување ИТС (ITS) рамки за патишта | декември 2025 година |
| | | Усогласување со ИТС (ITS) стандардите за железница | декември 2027 година |
